**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН УНИВЕРЗИТЕТ**

**ЕУРОПА ПРИМА, Скопје**

# СТАТУТ

**Скопје,**

**2020**

Врз основа на чл. 94 ст. 1 и ал.1 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018), Сенатот на Интернационалниот универзитет „ЕУРОПА ПРИМА“ Скопје, го донесе следниов

# С Т А Т У Т
# на ИНТЕРНАЦИОНАЛНИОТ УНИВЕРЗИТЕТ
# ЕУРОПА ПРИМА, Скопје

## ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

*Положба на* **ИНТЕРНАЦИОНАЛНИОТ УНИВЕРЗИТЕТ ЕУРОПА ПРИМА - СКОПЈЕ, РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА.**

**Член 1**

**ИНТЕРНАЦИОНАЛНИОТ УНИВЕРЗИТЕТ ЕУРОПА ПРИМА - СКОПЈЕ, РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА.** (во понатамошниот текст: ИУ ЕУРОПА ПРИМА) е приватна непрофитна високообразовна установа основана од **Јордан Плевнеш** од Скопје, која ја сочинуваат факултетите и други единици во состав.

На **Интернационалниот универзитет ЕУРОПА ПРИМА – Скопје**, Република Северна Македонија, може да се сосноваат и уметнички академии и високи стручни школи согласно со Закон.

**Интернационалниот универзитет ЕУРОПА ПРИМА – Скопје**, Република Северна Македонија, обезбедува единство во вршењето и развојот на високото образование, науката, уметноста и стручноста и, како непосредно, така и преку своите единици, од различни студиски подрачја, пренесува сознанија од повеќе научни, односно уметнички подрачја, полиња и области (дисциплини).

**Интернационалниот универзитет ЕУРОПА ПРИМА – Скопје**, Република Северна Македонија, врши високообразовна, научно-истражувачка, апликативна и издавачка дејност. Интернационалниот универзитет ЕУРОПА ПРИМА – Скопје врши и други активности кои се во врска со остварувањето на основната дејност.

**Назив и седиште**

**Член 2**

Полниот назив на инситуцијата е:

**Интернационален универзитет ЕУРОПА ПРИМА - Скопје, Република Северна Македонија**

Скратениот назив на Интернационалниот универзитет ЕУРОПА ПРИМА - Скопје, Република Северна Македонија е:

**ИУ ЕУРОПА ПРИМА - Скопје**.

За секојдневна употреба се користи скратениот назив на ИУ ЕУРОПА ПРИМА - Скопје.

Седиштето на ИУ ЕУРОПА ПРИМА е во Скопје на ул. „Никола Русински“ бр.1. а наставата ќе се одвива во Скопје на ул. „Никола Русински“ бр.1 и во други градови и држави, со одлука на основачот и соодветна согласност од надлежен орган.

**Предмет на уредување**

**Член 3**

Со овој Статут на ИНТЕРНАЦИОНАЛНИОТ УНИВЕРЗИТЕТ ЕУРОПА ПРИМА - Скопје, Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: ИУ ЕУРОПА ПРИМА - Скопје) се утврдуваат и се уредуваат:

- начинот на остварувањето на улогата, задачите и дејностите на ИУ ЕУРОПА ПРИМА - Скопје;
- остварувањето на автономијата на ИУ ЕУРОПА ПРИМА - Скопје;
- усогласувањето на посебните, заедничките и општите интереси на единиците;
- внатрешната организација на ИУ ЕУРОПА ПРИМА - Скопје и форми на соработка;
- органите и телата на ИУ ЕУРОПА ПРИМА - Скопје и на единиците;
- обезбедувањето квалитет;
- развојот, финансирањето и имотот;
- високообразовната дејност; научно-истражувачката дејност;
- уметничка дејност; соработката со други високообразовни и научни установи во земјата и во странство;
- применувачката, односно апликативната и стручната дејност;
- наставно-научните, научните и другите звања;
- правата и обврските на студентите;
- правото на управување на студентите;
- студентскиот правобранител и
- други прашања од значење за остварување на дејноста на ИУ ЕУРОПА ПРИМА - Скопје согласно Законот за високото образование и подзаконските акти.

Единиците на ИУ ЕУРОПА ПРИМА - Скопје ги уредуваат внатрешните односи и работењето со свој правилник согласно Закон и овој Статут.

**Академска заедница и етички кодекс**

**Член 4**

Академската заедница ја сочинуваат лицата избрани во наставно-научни, научни, наставни, наставно-стручни и соработнички звања и студентите.

Редовните професори остануваат членови на академската заедница и по пензионирањето, како почесни членови, без право на одлучување.

Членовите на академската заедница на ИУ ЕУРОПА ПРИМА – Скопје, се должни да го почитуваат и применуваат Етичкиот кодекс на ИУ ЕУРОПА ПРИМА – Скопје.

## АВТОНОМИЈА НА ИУ ЕУРОПА ПРИМА

**Член 5**

ИУ ЕУРОПА ПРИМА - Скопје ја врши својата дејност врз начелото на академската автономија.

Автономијата на ИУ ЕУРОПА ПРИМА ја вклучува и одговорноста на членовите на академската заедница кон општествената заедница во која дејствуваат.

Со академската автономија се гарантира интелектуалната слобода на членовите на академската зедница и творечката природа на истражувачот и образовниот процес, како врвни вредности и способности.

Автономијата на ИУ ЕУРОПА ПРИМА вклучува академска слобода, автономија на управувањето, неповредливост на просторот, финансиска автономија, кадровска автономија и неприкосоновеност на автономијата.

Автономијата на ИУ ЕУРОПА ПРИМА ужива судска заштита и ИУ ЕУРОПА ПРИМА има право да покрене постапка пред надлежен суд во случај на нејзина повреда.

### Академска слобода

**Член 6**

Академската слобода им припаѓа на сите членови на академската заедница и опфаќа:

1. слобода на изразување, негување и поттикнување на критичка мисла и свест кај членовите на академската заедница;
2. слобода на научно - истражувачката работа, уметничкото создавање, примената и посредување на знаењето;
3. самостојно уредување на внатрешната организација и работењето со Статут, донесен во согласност со закон;
4. слобода на изразување на наставата, спроведување на научните истражувања,уметничката дејност, односно творештвото и применувачката дејност, вклучувајќи ја слободата на објавување на јавно претставување на научните резултати и уметничките достигања;
5. слобода на студирањето, утврдувањето на правилата на студирање, облиците и видовите на наставно-образовните дејности и на проверката на знаењата на студентите;

6. слобода на избор на студиските програми, во утврдување на содржината и на соодносот на задолжителните и изборните наставни предмети, содржината на наставните програми како и во подготвување на учебници и други учебни помагала;
7. слобода на изборот на методот на интерпретирање на наставните содржини;
8. утврдување услови и критериуми за студии од прв, втор и трет циклус, како и други видови на образование;
9. подготвување, усвојување и остварување на научно-истражувачки програми и уметнички проекти и применувачка работа;
10. доделување стручни, академски и научни звања согласно со закон, како и - доделување на почесни академски титули;
11. определување услови, критериуми и постапка за избор во наставно-научни, наставно стручни наставни и соработнички звања;
12. избор во наставно-научни, наставно стручни наставни и соработнички звања.

**Автономија на управувањето**

**Член 7**

Автономијата во управувањето со ИУ ЕУРОПА ПРИМА се изразува во:

1. планирањето, остварувањето и развојот на високообразовната дејност;
2. воспоставувањето и уредувањето на внатрешната организација;
3. донесувањето на Статутот и другите општи акти на високообразовните установи;
4. изборот, именувањето и отповикувањето на органите согласно со законот, Статутот и другите општи акти;
5. управувањето и користењето на имотот во согласност со намената за кој е добиен;
6. одлучување за формите на соработка со други организации;
7. здружувањето во соодветни организации и форуми во земјата и во странство;
8. остварувањето на меѓународна соработка, склучувањето договори и учеството во меѓународни организации и асоцијации и
9. одлучувањето за други прашања утврдени со закон, Статут и другите општи акти.

**Финансиска автономија**

**Член 8**

ИУ ЕУРОПА ПРИМА самостојно располага со сопствените приходи на начин утврден со овој Статут.

ИУ ЕУРОПА ПРИМА може да формира фондови и да основа други форми на организирање од сопствени приходи, од донации и други извори заради вршење на научно-истражувачка, уметничка, издавачка и применувачка дејност.

ИУ ЕУРОПА ПРИМА самостојно одлучува за акумулацијата на финансиските средства.

**Кадровска автономија**

**Член 9**

ИУ ЕУРОПА ПРИМА е автономен во одлучувањето за потребата од вработување или ангажирање лица во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, во изборот на лица и дефинирањето на условите за вработување и ангажман во согласност со закон.

**Неповредливост на академскиот простор**

**Член 10**

Просторот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА е неповредлив.

Полицијата и другите државни органи на безбедност не можат без согласност на основачот, ректорот, деканот, односно директорот или на лице овластено од нив, да влегуваат во овој простор, освен за спречување на извршување кривично дело што непосредно претстои или на започнато кривично дело, за задржување на неговиот сторител, како и во случај на природни и други непогоди.

Дејствијата на органите на прогонот што се преземаат со одлука на судот може да се спроведуваат само во присуство на овластено лице на високообразовната установа.

Просторот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА го опфаќа просторот (објекти и земјиште) во кој се сместени и во кој се остварува дејноста на единиците и Ректоратот, другите придружни објекти, како и просторот наменет за спортски, културни, уметнички, рекреативни и други активности на студентите и вработените на ИУ ЕУРОПА ПРИМА и земјиштето, чиј што сопственик или чиј корисник е ИУ ЕУРОПА ПРИМА, односно единиците.

**Неприкосновеност на автономијата**

**Член 11**

Автономијата на ИУ ЕУРОПА ПРИМА е неприкосновена и таа не може да се нарушува и со:

- неповикано учество во дејноста на ИУ ЕУРОПА ПРИМА;
- извршување високообразовна и друга дејност што ги загрозува правата на членовите на академската заедница.

На ИУ ЕУРОПА ПРИМА е забрането партиско организирање и дејствување како и истакнување на партиски обележја.

На ИУ ЕУРОПА ПРИМА се забранува верско организирање и дејствување, како и истакнување на верски обележја, освен на високообразовните установи на верските заедници основани со закон.

Автономијата на ИУ ЕУРОПА ПРИМА не смее да се толкува на начин кој вклучува повреда на човековите права.

**Заштита на автономијата**

**Член 12**

Автономијата на ИУ ЕУРОПА ПРИМА не може да се нарушува и со:

1. неповикано учество во дејноста на ИУ ЕУРОПА ПРИМА и на единиците кои се во негов состав;
2. извршување високообразовна и друга дејност што ги загрозува правата на членовите на академската заедница насочени кон дискриминација на човекот и граѓанинот, поврзана со полот, расата, бојата на кожата, националната и верска припадност, социјално потекло, политичкото и верското убедување и пропадност, возраста, имотната и општествената положба;
3. политичкото и религиозното дејствување, освен со активности што се остваруваат преку форми со кои се разменуваат идеи и милења.

**Член 13**

Деканите, односно членовите на академската заедница, како и останатите вработени на ИУ ЕУРОПА ПРИМА, се должни да го известат ректорот кога ќе констатираат дека во нивната средина се нарушени принципите на автономија.

**Член 14**

Ректорот во соработка со деканот, односно директорот, презема мерки за отстранување на причините што довеле до нарушување на принципите на автономијата.

**Член 15**

Ректорот, по барање на декан, односно директор, може да даде согласност за присуство на полицијата и други други државни органи за безбедност во просторот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА, заради обезбедување непречено вршење на дејноста на ИУ ЕУРОПА ПРИМА и остварување на неговата улога, цели и задачи и заради остранување на состојбата на непосредна опасност по животот и здравјето на вработените и имотот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА, настаната од кои и да било причини.

**Член 16**

Доколку просторот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА се наруши спротивно на одредбите на овој Статут, ректорот свикува Ректорска управа и ги известува надлежните државни органи.

**Мирно решавање на спорови**

**Член 17**

Споровите што настануваат меѓу членовите на академската заедница во рамките на ИУ ЕУРОПА ПРИМА, како и споровите меѓу ИУ ЕУРОПА ПРИМА и друга високообразовна установа се решаваат со академска толеранција, спогодбено, во заедничките органи, арбитражно и на друг начин на академско разбирање.

## ЈАВНОСТ, ОТЧЕТНОСТ И ОДГОВОРНОСТ ВО РАБОТАТА

### Јавност во работата

**Член 18**

Работата на ИУ ЕУРОПА ПРИМА е јавна.

Седниците на органите на ИУ ЕУРОПА ПРИМА се јавни и достапни на средствата за јавно информирање.

По исклучок, кога на седниците на органите на управувањето се расправа за прашања коишто претставуваат службена, деловна или друга тајна, со одлука на ректорот, јавноста може да биде иземена.

За информирање на јавноста се грижи Ректорот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА и Деканите на факултетите и Ректорската и Деканатските управи, како и лицето задолжено за односи со јавност.

За известување на јавноста за изведувањето на научно-истражувачка дејност се грижи секој член на универзитетската и факултетската заедница кој учествувал во научно-истражувачката дејност на начинот утврден од научно-истражувачкиот тим.

Јавноста се информира и во вршењето на применувачката дејност во рамките на обврските што ги превзема ИУ ЕУРОПА ПРИМА со правни лица за кои се врши дејноста.

**Член 19**

За работата на ИУ ЕУРОПА ПРИМА, за одлуките на органите на управувањето на ИУ ЕУРОПА ПРИМА и воопшто, за дејноста на ИУ ЕУРОПА ПРИМА, ИУ ЕУРОПА ПРИМА ја известува јавноста преку дневниот печат, радиото и телевизијата.

ИУ ЕУРОПА ПРИМА има своја ВЕБ страница во интернет-мрежата, преку која се обезбедува достапност на релевантни податоци и информации од дејноста и работењето на ИУ ЕУРОПА ПРИМА.

ИУ ЕУРОПА ПРИМА за подобро и побрзо информирање на јавноста ги користи и социјалните мрежи.

**Член 20**

ИУ ЕУРОПА ПРИМА издава јавни гласила, и тоа:

Универзитетски гласник (во печатена и електронска форма - на ВЕБ страницата), каде што се објавуваат општите акти на ИУ ЕУРОПА ПРИМА и на единиците и придружните членки, како и други акти утврдени со овој Статут;

Билтен на ИУ ЕУРОПА ПРИМА, каде што се објавуваат рецензии, реферати и други акти на ИУ ЕУРОПА ПРИМА, единиците и на придружните членки, утврдени со општите акти на ИУ ЕУРОПА ПРИМА;

По потреба, ИУ ЕУРОПА ПРИМА може да издава и други јавни гласила по претходна одлука донесена од страна на Сенатот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА.

**Класифицирана информација**

**Член 21**

Како класифицирана информација на ИУ ЕУРОПА ПРИМА се сметаат документи и податоци што се утврдени со посебна одлука на Ректорската Управа или врз основа на закон.

ИУ ЕУРОПА ПРИМА ги чува како тајни документите и податоците што надлежен орган ги прогласил за класифицирана информација и кои му ги доставил како доверливи, а се од областа и за потребите на АРМ, документи од меѓународната соработка, ако се означени како класифицирана информација, а се од посебно општествено-економско значење во согласност со Закон за класифицирани информации.

**Член 22**

Ректорот или лице овластено од него може да им ги соопшти документите и податоците што се сметаат за класифицирана информација на други лица овластени со закон.

Деловната тајна, како и документите и податоците што се сметаат за државна тајна е должен да ги чува секој вработен во ИУ ЕУРОПА ПРИМА, ако на кој и да било начин има дознаено за нив.

**Член 23**

Деловната, односно службената тајна се утврдува со посебен акт на ИУ ЕУРОПА ПРИМА кој го донесува Сенатот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА и е согласно Закон за класифицирани информации (Сл. Весник на РМ бр. 9/04, 113/07, 145/10, 80/12, 41/14, 21/18 и 83/18).

**Отчетност и одговорност во работата**

**Член 24**

Отчетноста и одговорноста на ИУ ЕУРОПА ПРИМА се изразува преку:

- поднесување годишен извештај за работата до Сенатот и Управниот одбор;
- поднесување извештај за финансиското работење пред надлежните органи
- внатрешен систем за оцена на ефективноста и квалитетот на остварувањето на дејностите на ИУ ЕУРОПА ПРИМА (внатрешна евалуација - самоевалуација);
- информирање на пошироката јавност.

**ДЕЈНОСТ НА ИУ ЕУРОПА ПРИМА И НА ЕДИНИЦИТЕ**

**Дејност на ИУ ЕУРОПА ПРИМА - Скопје**

**Член 25**

Улога и задача на ИУ ЕУРОПА ПРИМА е да работи и придонесува за обезбедување на единството во вршењето и развојот на високото образование, науката, уметноста и стручноста и непосредно и преку своите единици од различни студиски подрачја да пренесува сознанија од повеќе научни, односно уметнички подрачја и дисциплини.

Улогата и задачите од став 1 на овој член ИУ ЕУРОПА ПРИМА ги остварува преку своите дејности и тоа:

Основна дејност на ИУ ЕУРОПА ПРИМА е да образува студенти и да ја развива науката и уметноста.

ИУ ЕУРОПА ПРИМА ги интегрира функциите на своите единици (функционална интеграција) и со своите органи го обезбедува нивното усогласено дејствување преку:

1. остварување на единствен стратегиски развој,
2. донесување на стандарди, нормативи и правила за организација и за вршење на високообразовната, научно-истражувачката и уметничката дејност,
3. реализација на Европскиот кредитен трансфер систем (ЕКТС),
4. остварување на применувачка и високостручна дејност,
5. усогласено дејствување во финансискиот сектор, во инвестициите и во развојните планови,
6. профилирање на научните истражувања и уметничкото творештво и нивна финансиска поддршка,
7. определување на посебни услови за избор и за напредување во наставно-научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања,
8. соработка со универзитетите во земјата и во странство,
9. водење на политика за мобилност на студентите, на наставниците, на соработниците и на административниот кадар,
10. создавање на правила за рационално користење на човековите и на материјалните ресурси,
11. организирање на студентите и развој на нивните вон-наставни активности,
12. создавање на систем за обезбедување и контрола на квалитетот,
13. воспоставување на стандарди во наставата,
14. воспоставување на информационен систем,
15. воспоставување на библиотечен систем,
16. остварување на издавачка дејност,
17. издавање на дипломи,
18. организирање на научни и уметнички собири,
19. трансферирање на средства до единиците на универзитетот и до универзитетските организации за културни активности,
20. издавање на обрасци и други документи за потребите на студентите,
21. организирање на стручна, односно административно-техничка служба,
22. водење и чување на универзитетска документација,
23. грижа за заштитата и унапредувањето на стандардот на студентите и вработените,
24. создавање на програма за размена на научни и стручни услуги и производи со домашни и странски физички и правни лица,
25. осигурување на имотот на универзитетот и неговите единици,
26. применувачка дејност и
27. вршење на други дејности и работи определени со закон

Интегрираните дејности, обврски и надлежности на ИУ ЕУРОПА ПРИМА се утврдуваат со Статутот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА.

**Дејност на единиците на ИУ ЕУРОПА ПРИМА**

**Член 26**

Единицата на ИУ ЕУРОПА ПРИМА во рамките на својата дејност:

1. го планира остварувањето и развојот на дејностите за кои е основана во рамките на, самофинансирачките активности, донации и слично, со претходна одлука на Управниот одбор;
2. врши високообразовна, научно-истражувачка, применувачка, односно уметничка дејност во една или повеќе сродни, односно меѓусебно поврзани научни и стручни дисциплини и уметнички области;
3. остварува меѓународна соработка со сродни високообразовни и научни установи;
4. организира научни и уметнички собири, симпозиуми, семинари, советувања и други видови на собири;
5. во рамките на единствениот библиотечно-информациски систем утврден од ИУ ЕУРОПА ПРИМА, ја организира работата на библиотеката и организира библиотечно-информациска и документациона дејност;
6. издава уверенија и други исправи за завршени студии и други видови на образование, според условите утврдени соовој Статут;
7. предлага и презема мерки за унапредување и заштита на стандардот на студентите и вработените;
8. остварува различни студии за надоградување, продлабочување или проширување на знаењата и континуирано образование;
9. разменува научни, уметнички и стручни услуги и производи со домашни и странски физички и правни лица;
10. остварува издавачка дејност и
11. врши и други работи утврдени со Законот за високо образование и Статутот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА.
12. Факултетот може да врши и високообразовна дејност за стручни студии, кои согласно Законот за високото образование ги врши високата стручна школа.
13. Единиците на ИУ ЕУРОПА ПРИМА имаат заедничка веб-страница на која задолжително се објавуваат:

- Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи;
- Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно,
- Актот за систематизација;
- Деловникот за работа на наставно-научниот, односно научниот совет;
- Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот;
- Распоредот на работни задачи за тековната учебна година, најдоцна 10 дена пред почетокот на учебната година;
- Годишен извештај, најдоцна во рок од 10 дена од денот на усвојувањето од страна на ИУ ЕУРОПА ПРИМА;

- Прифатени теми за изработка на магистерски трудови, најдоцна во рок од 10 дена од денот на прифаќањето;
- Прифатени теми за изработка на докторски трудови, најдоцна во рок од 10 дена од денот на прифаќањето;
- Акти кои ги носи единицата согласно други закони и
- Етичкиот кодекс.

## СВОЈСТВО НА ПРАВНО ЛИЦЕ И ПРАВЕН СТАТУС

**Член 27**

ИУ ЕУРОПА ПРИМА има својство на правно лице.

Факултетите во состав на ИУ ЕУРОПА ПРИМА се без својство на правно лице. Секој факултет има Статут, кој се донесува од наставно-научниот совет, по претходна согласност од Сенатот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА, со кој, во согласност со овој Статут се уредуваат внатрешните односи и работењето.

ИУ ЕУРОПА ПРИМА во правниот промет, настапува во свое име и за своја сметка со права и обврски утврдени со Законот за високото образование, Одлуката за основање и со овој Статут.

Со одлука на основачот, во рамките на ИУ ЕУРОПА ПРИМА може да се формираат организациони единици (одделенија) за вршење на основната дејност надвор од регистрираното седиште на ИУ ЕУРОПА ПРИМА.

ИУ ЕУРОПА ПРИМА не може да го остварува својството на правно лице спротивно на Законот за високото образование на РМ и целите за чие остварување е основан и интересите на основачот.

Единиците на ИУ ЕУРОПА ПРИМА настапуваат во правниот сообраќај под називот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА.

### Овластувања на единиците

*Статутарни овластувања*

**Член 28**

Единиците на ИУ ЕУРОПА ПРИМА имаат права и обврски, определени со законот за високото образование и со овој Статут.

Единиците на ИУ ЕУРОПА ПРИМА настапуваат во правниот промет според овластувањата определени со овој Статут.

*Пренесени овластувања*

**Член 29**

Покрај изворните и Статутарните овластувања, единиците во правниот промет можат да настапуваат единствено со овластување од Управниот одбор.

*Овластувања на организационните единици*

**Член 30**

Организационите единици во состав на ИУ ЕУРОПА ПРИМА можат да имаат определени права во правниот промет и во поглед на управувањето и раководењето, во обем и под услови определени со актот за основање. За обврските на организационните едниници одговара ИУ ЕУРОПА ПРИМА.

## ЗАСТАПУВАЊЕ И ПРЕТСТАВУВАЊЕ

### Застапување на ИУ ЕУРОПА ПРИМА

**Член 31**

Ректорот го претставува и застапува ИУ ЕУРОПА ПРИМА во земјата и странство.

Овластувањата на ректорот се запишуваат во Централниот регистар.

Документите од надлежност на ИУ ЕУРОПА ПРИМА ги потпишува ректорот.

Ректорот може дел од своите овластувања да ги пренесе на проректорите и на генералниот секретар.

### Застапување на единицата

**Член 32**

Деканот во рамките на своите надлежности утврдени со закон и со актите на ИУ ЕУРОПА ПРИМА го застапува и претставува факултетот, согласно закон и овој Статут.

Документите од надлежност на факултетот ги потпишува деканот.

Деканот може дел од своите овластувања да го пренесе на продеканите.

## ПЕЧАТ, ШТЕМБИЛ, ЗНАЦИ И ДРУГИ ОБЕЛЕЖЈА

Општа одредба

**Член 33**

Универзитетот има свој печат.

Печатот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА го содржи називот и седиштето на ИУ ЕУРОПА ПРИМА.

Во печатот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА содржано името Република Северна Македонија.

Во средината на печатот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА е грбот на Република Северна Македонија.

**Печат**

**Член 34**

ИУ ЕУРОПА ПРИМА има два печати:

1. сув печат со тркалезна форма, во средината со грбот на Република Северна Македонија и натпис во два реда. Во надворешниот ред стои:ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН УНИВЕРЗИТЕТ ЕУРОПА ПРИМА - Скопје, а во внатрешниот ред: Република Северна Македонија. Овој печат се употребува за издавање дипломи за степен на стручна подготовка;
2. печат со тркалезна форма во кој во средината е грбот на Република Северна Македонија и натпис во два реда. Во надворешниот ред стои: ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН УНИВЕРЗИТЕТ ЕУРОПА ПРИМА - Скопје, а во внатрешниот ред: Република Северна Македонија. Овој печат се употребува за архивското работење на Универзитетот.

**Штембил**

**Член 35**

Штембилот на Универзитетот е правоаголен и на него е испишан следниов текст: ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН УНИВЕРЗИТЕТ ЕУРОПА ПРИМА во Скопје, број ___,___/___година, Скопје, Република Северна Македонија.

Штембилот се употребува за архивското работење на Универзитетот.

**Симболи**

**Член 36**

Обележја и симболи на Универзитетот се: амблем, знаме, инсигнии и одора.

Формата, содржината, бојата и начинот на употреба на симболите и обележјата ќе бидат уредени со правилник.

***Празник на Универзитетот***

**Член 37**

Празник на Универзитетот ИУ ЕУРОПА ПРИМА е 31 март.

**СОСТАВ НА ИУ ЕУРОПА ПРИМА**

**Член 38**

ИУ ЕУРОПА ПРИМА се состои од единици, кои се: факултети и други единици согласно закон.

Како единици на ИУ ЕУРОПА ПРИМА може да се формираат и уметнички академии и високи стручни школи од областа на хуманитарните и општествените науки.

**Член 39**

Во состав на ИУ ЕУРОПА ПРИМА се следниве факултети и институти:

- Факултет за филмски уметности
- Факултет за театарски уметности
- Факултет за применета музика
- Институт за аудиовизуелни студии и дигитална заштита
- Институт за сценски уметности

***Престанок на единица***

**Член 40**

Единица во состав на ИУ ЕУРОПА ПРИМА престанува да постои:

- врз основа на одлука за нејзино престанување;
- со припојување, спојување и поделба.

Одлука за престанок на работата на единиците донесува основачот.

***Права и обврски***

**Член 41**

Единиците имаат права и обврски за:

- активно и постојано учество и придонес во остварувањето на дејноста, улогата и задачите на Универзитетот и на единиците;
- иницирање прашања и предлагање решенија од доменот на дејноста на Универзитетот и на единиците;
- активно учество во работата на органите и работните тела на Универзитетот и на единиците;
- реализација на актите, одлуките и заклучоците на органите на Универзитетот и на единиците;
- почитување на дигнитетот и достојна употреба на името и обележјата на Универзитетот и на единиците.

***Почесни членки на Универзитетот***

**Член 42**

ИУ ЕУРОПА ПРИМА може во својот состав да има установи, трговски друштва и организации од земјата и од странство со својство на почесни членки на Универзитетот, кои со својата дејност непосредно значително придонесуваат за развојот на високообразовната, научно-истражувачката, уметничката и апликативната дејност и за афирмацијата на ИУ ЕУРОПА ПРИМА во земјата и во странство.

***Внатрешни организациони единици на* ИУ ЕУРОПА ПРИМА**

**Член 43**

Покрај единиците во негов состав, на ИУ ЕУРОПА ПРИМА можат да се формираат други внатрешни организациони единици, како семинари, истражувачки мрежи, центри, медиуми и сл.

***Основање на друга организација***

**Член 44**

ИУ ЕУРОПА ПРИМА може самостојно или со друг сосновач да основа трговско друштво или установа под условите утврдени со овој Статут, заради продажба на своите научни резултати, експерстко знаење, уметнички творби и други остварувања во вршењето на применувачка работа, за вршење на издавачка дејност, за културни потреби, рекреација на студентите и вработените и за други потреби.

Овие потреби ИУ ЕУРОПА ПРИМА може на потрајна основа да ги остварува договорно со правни физички лица.

Добивката на трговското друштво, кој и припаѓа на ИУ ЕУРОПА ПРИМА по основ на влогот, може да се користи исклучиво за унапредување на дејноста на високообразовната установа која учествувала во нејзиното создавање.

Акт за основање друга организација донесува основачот на предлог на Универзитетскиот сенат.

**ОРГАНИ И ТЕЛА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ И ЕДИНИЦИТЕ**

***Органи и тела на Универзитетот***

**Член 45**

Органи на ИУ ЕУРОПА ПРИМА се:

1. Управен одбор као орган на основачот
2. Сенат на Универзитетот
3. Ректор
4. Ректорска управа

***1. Управен одбор***

**Член 46**

Управниот одбор го сочинуваат три члена: основачот, кој е претседател и два члена кои тој ги именува.

Управниот одбор ги има следниве надлежности:

- го одобрува буџетот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА;
- одлучува за користење на имотот и за финансирање на дејноста на ИУ ЕУРОПА ПРИМА:
- одлучува за основање нови факултети или насоки во составот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА;
- ги одобрува договорите за соработка на ИУ ЕУРОПА ПРИМА со домашни и со странски установи;

- донесува правилник со кој се утврдуваат критериумите за формирање и висина на платите на вработените во ИУ ЕУРОПА ПРИМА,
- одлучува по други прашања утврдени со овој Статут.

## *2. Сенат на Универзитетот*

**Член 47**

Универзитетскиот сенат (во натамошниот текст: Сенат) е орган на управување и стручен орган на Универзитетот.

Сенатот го сочинуваат:

- Ректорот и проректорите се членови на Сенатот по положба, без право да учествуваат во одлучувањето и без право да бидат избрани за председатели на сенатот
- По еден претставник од единиците на ИУ ЕУРОПА ПРИМА
- 1 претставник од студентите

Претседателот на Сенатот се избира од редот на Сенаторите со тајно гласање за период од една година, со право на уште еден избор.

Претседателот на Сенатот ги свикува седниците на Сенатот, го предлага дневниот ред и претседава со седниците на Сенатот.

Претседателот на Сенатот свикува седница на Сенатот најмалку еднаш месечно.

Претседателот на Сенатот е должен на барање на најмалку една петтина од членовите на Сенатот, или на барање на ректорот да свика седница на Сенатот.

Доколку претседателот на Сенатот не постапи согласно со одредбите од ставовите (4) и (5) на овој член, Ректорот ја свикува седницата на Сенатот.

Во случај на отсуство или спреченост на претседателот на Сенатот, седниците на Сенатот ги води член на Сенатот согласно со Статутот на Универзитетот.

Претседателот на Сенатот е одговорен за законитоста и Статутарноста на работењето на Сенатот.

Вршењето на должноста претседател на Сенат е неспојливо со вршењето на друга државна функција или функција во политичка партија.

Претседателот на сенатот се бира од редот на членовите на Сенатот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА со тајно гласање.

Предлог за претседател на Сенатот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА може да даде секој член на сенатот.

За избор на претседател на сенатот потребно е присуство на 2/3 од вкупниот број на членови на сенатот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА.

За претседател се избита оној кандидат кој освоил најмногу гласови од присутните членови на Сенатот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА.

**Член 48**

Во сенатот определен број членови ги избираат и придружните членки на универзитетот кои учествуваат во работата и одлучувањето на сенатот за прашањата определени со статутот на универзитетот.

Ректорот и проректорите се членови на Сенатот по положба, без право да учествуваат во одлучувањето и без право да бидат избрани за председатели на сенатот

*Постапка за избор и верификација на мандатот на членовите на Сенатот*

**Член 49**

Членовите на Сенатот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА, со непосредно и тајно гласање, ги избираат Наставно-научните совети на факултетите, а студентите – Студентскиот Парламент со мандат од три години со право на уште еден избор.

Членовите на Сенатот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА, претставници од единиците на универзитетот, можат да бидат предложени од страна на членовите на наставно - научните совети на единиците на ИУ ЕУРОПА ПРИМА, истите се бираат со присуство на повеќе од половина на членовите на наставно - научниите совети, со освојување на најмногу гласови од присутните.

Членовите на Сенатот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА претставници од студентите можат да бидат предложени од страна на членовите на Студентскиот парламент на ИУ ЕУРОПА ПРИМА, истите се бираат со присуство на повеќе од половина на членовите на Студентскиот парламент на ИУ ЕУРОПА ПРИМА, со освојување на најмногу гласови од присутните.

Член на Сенатот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА претставник од единицата на ИУ ЕУРОПА ПРИМА може да биде разрешен по негово барање, поради спреченост за извршување на високообразовна дејност, поради пензионирање или престанок на работниот однос. За престанок на мандатот по негово барање одлучува Сенатот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА со тајно гласање, со присуство на 2/3 од членовите на Сенатот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА, со мнозинство гласови од присутните.

Член на Сенатот претставник од студентите може да биде разрешен по негово барање, поради изрекување на дисциплинска мерка отстранување и престанок на статусот на студент. За престанок на мандатот по негово барање одлучува Сенатот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА со тајно гласање, со присуство на 2/3 од членовите на Сенатот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА, со мнозинство гласови од присутните.

Постапка за избор на членови на Сенатот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА започнува најмалку 60 дена пред истекот на мандатот на постојниот Сенат. Постапката ја покренува Ректорот кој ја свикува и претседава со конститутивната седница на новиот Сенат.

*Надлежност на Сенатот*

**Член 50**

Сенатот:

1. донесува Статут на ИУ ЕУРОПА ПРИМА;
2. одлучува за наставната, научната, уметничката и високостручната и применувачка дејност;
3. ги усвојува студиските програми;
4. одлучува за изведување студии со други високообразовни и научни установи во земјата и во странство;
5. дава предлог за основање на нови факултети, организациони единици и насоки
6. дава предлози за спојување, поделба или трансформација на насоки и факултети,
7. му предлага на основачот програма за работа
8. дава мислење и поднесува предлози за Програмите за развој на високото образование и научно-истражувачката дејност во Република Македонија.
9. го усвојува годишниот извештај за работа на Универзитетот,
10. врши избор на редовни професори на факултетите,
11. доделува титула profesor emiritus,
12. доделува титули почесен доктор (Doctor honoris causa) и почесен професор (Profesor honoris causa);
13. утврдува предлог за статусни промени на единиците на ИУ ЕУРОПА ПРИМА во согласност со овој Статут;
14. избира и разрешува ректор и проректори на ИУ ЕУРОПА ПРИМА;
15. во соработка со основачот, утврдува можни кандидати за декани на предолг на наставно-научните совети.
16. донесува правилник за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања;
17. донесува правилници за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трите циклуси на студии;
18. донесува правилник за единствениот кредит систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на Универзитетот;
19. донесува правилник за издавањето на дипломи, додаток на дипломи, стручниот, односно научниот назив и други документи за завршени студии на високо образование и за условите и постапката за одземање на издадената диплома;
20. донесува правилник за начинот на кој се вршат стручно-административните работи од заеднички интерес на единиците на Универзитетот;
21. донесува правилник за организирање на издавачката дејност;
22. донесува програма за меѓународна соработка;
23. формира комисија за самоевалуација на Универзитетот и ги избира нејзините членови;
24. донесува упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на Универзитетот;
25. може да формира комисии и сл. за работите од негова надлежност: постојани /повремени;
26. донесува деловник за работа на Сенатот;
27. презема мерки за унапредување и заштита на стандардот на студентите и вработените;
28. избира членови од својот состав во составот на Интеруниверзитетската конференција.

29. формира комисии за одлучување по жалба кога тоа е утврдено со закон, со овој Статут и со актите на Универзитетот;
30. зазема ставови и донесува заклучоци за прашања од заеднички интерес на единиците што се однесуваат на високообразовната, научноистражувачката, уметничката дејност;
31. врши и други работи утврдени со закон, со овој Статут и со другите акти на Универзитетот.

*Начин на работа*

**Член 51**

Сенатот, работите од своја надлежност ги врши во согласност со закон и со овој Статут.

За уредување на работите од својата надлежност Сенатот донесува одлуки, правилници, упатства и  заклучоци.

**Член 52**

Универзитетскиот сенат ги врши работите од својата надлежност на седници. Седниците се јавни.

Универзитетскиот сенат може да одржува свечени седници по повод јубилеи, прослави и сл.

Сенатот заседава по потреба, во согласност со програмата за својата работа.

**Член 53**

Седниците на Сенатот ги свикува председателот на сенатот, го предлага дневниот ред и претседава со седниците на Сенатот.

Во случај на отсуство или спреченост на претседателот на Сенатот, седниците на Сенатот ги води член на Сенатот претходно овластен од претседателот на Сенатот.

**Член 54**

Одлуките и другите акти донесени на седница на Сенатот ги потпишува претседателот на Сенатот.

**Член 55**

Поблиски одредби за начинот на работата на Сенатот се утврдуваат со Статутот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА и согласно Законот за високо образование.

***Ректор***

*Положба и избор*

**Член 56**

Ректорот е раководен орган на ИУ ЕУРОПА ПРИМА.

Ректорот го претставува и застапува универзитетот во земјата и странство.

Ректорот се избира од редот на редовните професори со објавување на јавен оглас.

Ректорот се избира за време од три години, со право на уште на еден избор.

Ректорот се избира на слободни, непосредни и тајни избори од страна на членовите на наставно-научните, научните и наставничките совети на единиците.

Сенатот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА формира универзитетска изборна комисија составена од седум Сенатори, која:

1.ја цени исполнетоста на условите за избор на ректор и уредноста на пријавата;

2.ја утврдува листата на кандидати на ректор и

3.ги сумира резултатите од гласањето за избор на ректор.

Членовите на изборната комисија ги предлагаат самите Сенатори.

За избор на членовите на изборната комисија сенатот одлучува доколку се присутни 2/3 од членовите на сенатот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА. Членовите на изборната комисија се избираат по принципот кој ќе добие повеќе гласови, а за секој од кандидатите Сенатот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА гласа поединечно

Секој кандидат за ректор може да овласти набљудувачи на работата на универзитетската изборна комисија.

Наставно-научниот, научниот или наставничкиот совет на единицата избира петчлена комисија која го спроведува гласањето на единицата на ИУ ЕУРОПА ПРИМА.

Членовите на комисијата на единицата ги предлагаат самите членови на наставно - научниот совет.

На седницата на која се избира комисијата на единицата задолжително мора да присуствуваат 2/3 од членовите на наставно научниот совет, а за член на комисијата ќе се изберат оние кандидати кои ќе добијат најмногу гласови од предложените кндидати. За предложените кандидати се гласа поединечно

Секој кандидат за ректор може да овласти набљудувачи на процесот на гласање на секоја едница на универзитетот.

Гласањето за ректор се спроведува во ист ден во периодот од 12 до 14 часот на сите единици на универзитетот и гласаат членовите на наставно-научните, научните и наставничките совети на единиците.

По завршувањето на гласањето се пристапува кон утврдување на резултатите од гласањето, при што освоениот број гласови на секој кандидат на секоја единица посебно, се изразува во проценти од вкупниот број важечки гласови на единицата и се множи со бројот на Сенаторите кои ги избира единицата, со што се добива бројот на поени што ги освоил секој од кандидатите.

Резултатите од гласањето се испраќаат до универзитетската изборна комисија во рок од два часа од завршувањето на гласањето.

Универзитетската изборна комисија ги сумира резултатите од гласањето на сите единици на Универзитетот, при што за ректор е избран кандидатот кој добил најголем број

поени на ниво на универзитет, односно чиј збир на поени е најголем откако за секој кандидат поединечно ќе се соберат поените кои ги добил на секоја единица посебно.

**Член 57**

Ректорот ја врши својата должност професионално и своите права од работен однос ги остварува според договор склучен со Претседателот на Управен одбор на Универзитетот.

Со договорот се уредува и обемот на неговиот ангажман на наставник на единицата од која е избран, кој не може да биде повеќе од 30% од работното време.

Универзитетот има еден или повеќе проректори кои се избираат од редот на професорите од единиците на универзитетот. Проректорите се избираат на предлог на ректорот, со конечна одлука од страна на Сенатот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА.

Вршењето на должноста ректор и проректор е неспојливо со вршењето на друга јавна функција или функција во политичка партија.

Ректорот или проректорот може, да биде разрешен и пред истекот на времето за кое е избран по негово барање, доколку биде осуден на ефективна казна затвор во траење повеќе од 6 месеци. Барањето за предвремено разрешување поднесено од негова страна го разгледува и одлучува сенатот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА со мнозинство од присутните членови а на седницата на која се одлучува потребно е да присуствуваат 2/3 од вкупниот број на членови на ИУ ЕУРОПА ПРИМА.

**Член 58**

Ректорот ја врши својата должност професионално и своите права од работен однос ги остварува според договор склучен со Сенатот. Со договорот се уредува и обемот на неговиот ангажман на наставник кај единицата од која е избран.

**Член 59**

На денот на стапување на должност на новоизбраниот ректор примопредавањето на должноста се врши на свечен начин.

*Надлежност на ректорот*

**Член 60**

Во рамките на раководењето со ИУ ЕУРОПА ПРИМА, ректорот:

- ја усогласува високообразовната, уметничката, научноистражувачката и применувачката дејност и друга работа на ИУ ЕУРОПА ПРИМА;
- ги извршува одлуките и заклучоците на Сенатот и Ректорската управа;
- дава иницијатива за свикување на Сенатот;
- одлучува за финансиските и материјалните прашања кои не се во надлежност на Сенатот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА;
- им поднесува на Сенатот и на Ректорската управа предлози и одлуки и други општи акти и заклучоци за прашања чие разгледување и решавање е во нивна надлежност;
- промовира доктори на науки;
- доделува награди на ИУ ЕУРОПА ПРИМА;
- ги свикува, го предлага дневниот ред и претседава со седниците на ректорската управа;

- предлага избор и разрешување на проректор;
- суспендира декан или директор на единица на универзитет за непочитување на законот, статутот, општ акт или одлука на универзитетот и поставува времен извршител на должност декан, односно директор на единицата на универзитетот;
- предлага избор и разрешување на генерален секретар на универзитетот;
- ја води меѓународната соработка на ИУ ЕУРОПА ПРИМА и иницира соработка со други универзитети во земјата и странство;
- заедно со деканите на факултетите ги потпишува дипломите за сите степени на образование;
- дава овластување на проректорите за вршење на дел од своите права и обврски;
- управува со имотот на универзитетот и се грижи за неговото одржување и
- врши други работи утврдени со закон, овој Статут и други акти на ИУ ЕУРОПА ПРИМА.

**Член 61**

Ректорот е должен најмалку еднаш во годината до Сенатот, Универзитетскиот совет и основачот, да поднесува извештај за својата работа и за работата на ИУ ЕУРОПА ПРИМА.

Ако Сенатот не го прифати извештајот од претходниот став на овој член поведува постапка за разрешување на ректорот.

*Права, должности и одговорности на ректорот*

**Член 62**

За вршење на дел од своите права и обврски ректорот може да овластува одделни проректори.

**Член63**

Ректорот може да формира комисии, односно работни тела или групи од редот на наставниците и другите членови на единиците и Стручната и административната служба на ИУ ЕУРОПА ПРИМА, за проучување прашања и извршување работи значајни за работата на Универзитетот. Комисиите и другите работни тела или групи се должни на ректорот да му поднесат писмен извештај со соодветен предлог.

За формирањето на комисиите и работните тела или групи од претходниот став, одлука донесува ректорот.

**Член 64**

Ректорот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА, по потреба, може да ги свикува деканите и други одговорни лица, заради разгледување прашања од интерес на единиците или на ИУ ЕУРОПА ПРИМА во целина.

*Одговорност на ректорот за законитоста и статутарноста*

**Член 65**

Ректорот е одговорен за законитоста и статутарноста на работата на ИУ ЕУРОПА ПРИМА и на единиците и има право и должност да запре од извршување, односно да укине акт на нивните органи за кој смета дека не е во согласност со закон, овој Статут, општ акт или одлука на Универзитетот.

Единицата на ИУ ЕУРОПА ПРИМА чиј акт е укинат, може да поднесе жалба до Сенатот. Одлуката на Сенатот е конечна.

**Член 66**

Ректорот може за непочитување на закон, овој Статут, општ акт или одлука на ИУ ЕУРОПА ПРИМА, за злоупотреба или пречекорување на овластувањата, да суспендира декан или директор на единица и да постави времен вршител на должност декан.

Ректорот може да суспендира и в.д. декан под условите утврдени со овој член и да постави друго лице за в.д. декан.

Сенатот во рок од 30 дена од суспендирањето на деканотодлучува за одлуката на ректорот од ставот 1 на овој член. Доколку Сенатот ја потврди суспензијата дава предлог на ректорот за разрешување на деканоти во рок од три месеца ќе се спроведе постапка за избор на нов декан.

До изборот на декан во рокот од претходниот став должноста продолжува да ја врши именуваниот вршител.

***Проректори***

*Положба и избор*

**Член 67**

ИУ ЕУРОПА ПРИМА има еден или повеќе проректори.

Проректорите се избираат од редот на лицата избрани во наставно-научни и научни звања.

**Член 68**

Проректорите, на предлог на ректорот, се избираат за време од четири години, со право на уште еден избор.

Проректорите, на предлог на ректорот се разрешуваат.

*Права, должности и одговорности*

**Член 69**

Ректорот, во договор со проректорите, ги распоредува работите и работните задачи од областа на наставно-образовната, научноистражувачката, развојната и дејност и соработката со универзитетите во земјата и во странство и други дејности.

Проректорите, за работата од својот делокруг, одговараат пред ректорот, Сенатот и Ректорската управа.

**Член 70**

Проректорите се грижат, ја координираат и ја усогласуваат високообразовната, научноистражувачката и развојната дејност и соработката со универзитетите во земјата и во странство. Вршат и други работи и работни задачи.

**Член 71**

Во случај на спреченост или отсутност на ректорот, може да го заменува еден од проректорите што ќе го определи ректорот.

***Ректорска управа***

*Состав*

**Член 72**

Ректорската управа ја сочинуваат ректорот, проректорите, деканите на единиците, директорите на високите стручни школи, директорите на акредитираните научни установи и претставник од студентите на ИУ ЕУРОПА ПРИМА.

Со Ректорската управа раководи ректорот.

*Надлежност на Ректорската управа*

**Член 73**

Ректорската управа:

- ги подготвува и ги предлага актите и материјалите за прашања за кои одлучува Сенатот;
- го утврдува и го објавува конкурсот за запишување на студиите од прв и втор циклус на универзитетот;
- дава мислење за студиските програми на единиците во составот на универзитетот;
- утврдува предлози за интердисциплинарни и мултидисциплинарни научно-истражувачки проекти;
- одлучува за рационално вршење на дејноста на единиците во состав на Универзитетот;
- одлучува за организирање на зимски/летни универзитети и дрги форми на едукација.
- Утврдува Предлог-Статут на ИУ ЕУРОПА ПРИМА.
- утврдува мислење за спојување, поделба или формирање нови единици во составот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА;
- донесува одлуки за тековната меѓународна соработка на ИУ ЕУРОПА ПРИМА;
- го уредува издавањето на дипломи и други документи за завршени студии на високо образование;
- одлучува за издавачката дејност на ИУ ЕУРОПА ПРИМА, по согласност на основачот;
- ги објавува студиските програми и општите услови за запишување и студирање, пред објавувањето на конкурсот;

- одлучува за издавање јавни гласила на ИУ ЕУРОПА ПРИМА;
- донесува поблиски решенија со кои се утврдуваат основите за единствениот библиотечно-информативен систем на ИУ ЕУРОПА ПРИМА;
- предлага доделување титули за почесен доктор, почесен професор и професор emeritus на ИУ ЕУРОПА ПРИМА;
- се грижи за остварување на Програмата за високообразовна дејност во Република Северна Македонија,
- врши и други работи определени со овој Статут и актите на ИУ ЕУРОПА ПРИМА или за кои ќе биде овластена од ректорот.

*Начин на работа*

**Член 74**

Ректорската управа ги врши работите од својата надлежност на седници.

Седниците на Ректорската управа се јавни.

Ректорската управа може да одржува свечени седници по повод јубилеи, прослави и други случаи.

**Член 75**

Членот на Ректорската управа има право и должност да присуствува на седниците на Управата и да учествува во нејзината работа.

Членот кој е спречен да присуствува на седницата на Ректорската управа, должен е за тоа благовремено да извести.

Членот на Ректорската управа може да присуствува и на седниците на другите работни тела и комисии, како и да учествува во нивната работа, но без право на одлучување.

**Член 76**

Членот на Ректорската управа има право и должност да поднесува предлог-одлуки и други акти кои ги донесува Управата, да учествува во претресот на предлог-одлуките, актите и другите прашања што се на дневен ред на седницата на Управата.

**Член 77**

Ректорот на Универзитетот ги свикува седниците на Ректорската управа, раководи со нивната работа и се грижи за нивниот тек.

Во негова отсутност, седницата на Управата ја свикува и со неа раководи еден од проректорите на Универзитетот, овластен од ректорот.

**Член 78**

Ректорската управа може да работи ако на седницата се присутни повеќе од половината од вкупниот број членови на Управата.

Одлуките на Ректорската управа се донесуваат со мнозинство гласови од присутните членови на Ректорската управа.

**Член 79**

Ректорот е должен да го формулира предлогот за кој се гласа и по гласањето да соопшти каква одлука е донесена. Прифатената формулација на одлуката се внесува во записник.

**Член 80**

Одлуките донесени на седница на Ректорската управа ги потпишува ректорот.

*Постапка за донесување на општите акти на Универзитетот*

**Член 81**

Нацрт-општите акти на УАУ ЕФТА ги подготвуваат работните тела на ИУ ЕУРОПА ПРИМА.

**Член 82**

Нацрт-општиот акт, откако ќе го утврди Ректорската управа, се доставува на јавна расправа на единиците на ИУ ЕУРОПА ПРИМА.

Врз основа на мислењата и предлозите на единиците од претходниот став, соодветното тело на ИУ ЕУРОПА ПРИМА подготвува предлог на општиот акт кој го утврдува Ректорската управа.

Предлогот на општиот акт се доставува до Универзитетскиот сенат за усвојување, односно до Ректорската управа кога донесувач на општиот акт е Ректорската управа.

**Член 83**

Измените и дополнувањата на општите акти се вршат на начинот и постапката по кои се донесуваат.

***Органи на единиците***

**Член 84**

Органи на факултетот се наставно-научен уметнички совет, декан и деканска управа.

На факултетот се формира факултетско студентско собрание како тело на факултетот.

*Наставно-научен совет на факултет*

**Член 85**

Наставно-научниот уметнички совет на факултетот е стручен орган.

Наставно-научниот уметнички совет го сочинуваат редовните и вонредните професори и доцентите.

Претставниците на студентите сочинуваат најмалку 10%, но не повеќе од 15% од вкупниот број членови на наставно-научниот совет. Мандатот на студентите е 2 години.

**Член 86**

Наставно-научниот, односно научниот совет може за одделни студиски програми или за други потреби да формира стручни тела утврдени со правилникот на единицата.

*Надлежност на наставно-научниот совет*

**Член 87**

Наставно-научниот уметнички совет:

- донесува Статут на факултетот;
- донесува тригодишна програма за развој и годишна програма за работа;
- избира декан на факултетот и му ја доставува одлуката за избор на сенатот за потврдување;
- избира продекани;
- избира членови на сенатот на универзитетот во чија состав е (сенатори);
- му предлага на сенатот студиски програми;
- донесува програма за научно-истражувачка, односно уметничка работа;
- врши избор во наставно-научни звања - доцент и вонреден професор и во соработнички звања; избор во научни и насловни звања и формира рецензентски комисии;
- предлага број на студенти кои се запишуваат во прва година на сите циклуси на студии;
- донесува одлука за распоред на работни задачи за наставниците и соработниците за секоја академска година;
- го усвојува финансискиот план и донесува завршна сметка (финансискиот годишен извештај) во рамките единствениот финансиски план на универзитетот и консолидираната завршна сметка на универзитетот;
- му предлага на универзитетот, односно кога тоа е определено со ЗВО, на основачот измена или проширување на дејноста во согласност со ЗВО;
- ги донесува општите акти на факултетот;
- на деканатската управа и предлага мерки за создавање и усовршување на наставно-научниот и уметничкиот подмладок и за работа со особено успешни и талентирани студенти;
- донесува мерки и одлучува за унапредување на наставната, научно-истражувачката, уметничката и применувачката работа и за компјутерската мрежа;
- избира и разрешува секретар на факултетот, во согласност со статутот на универзитетот;
- ги избира членовите на комисијата за самоевалуација и донесува упатство за евалуација на факултетот;
- предлага организирање на собири, симпозиуми, советувања и слично;
- предлага остварување на меѓународната соработка согласно со овој Статут
- формира стручни комисии за признавање на високообразовни квалификации во странство;
- врши и други работи утврдени со закон, овој Статут и другите акти на ИУ ЕУРОПА ПРИМА и на единицата.

Наставно-научниот совет полноважно одлучува доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број негови членови, а одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови.

**Член 88**

Седниците на наставно-научниот совет ги свикува и со нив раководи деканот на факултетот.

Во отсуство на деканот, по негово овластување, со седницата на наставно-научниот совет раководи еден од продеканите.

Деканот е должен да свика седница на наставно-научниот совет доколку тоа го бара 1/3 од членовите.

***Декан и негова надлежност***

**Член 89**

Деканот е раководен орган.

Деканот, во рамките на вршењето на својата раководна функција:

- ги извршува одлуките и заклучоците на Сенатот и ректорот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА
- ги извршува одлуките и заклучоците на наставно-научниот уметнички совет;
- се грижи за усогласено вршење на високообразовната, уметничката, научно-истражувачката и применувачката дејност;
- ги свикува седниците на наставно-научниот совет, го предлага дневниот ред и претседава со нив;
- на наставно-научниот совет му поднесува предлози на одлуки, и заклучоци за прашањата чие разгледување и решавање е во негова надлежност;
- иницира распишување конкурс за избор на лица избрани во наставно-научни, наставно-уметнички, научни, наставни и соработнички звања, шест месеци пред истекот на времето за кое се избрани;
- ги промовира дипломираните студенти и доделува награди;
- врши и други работи согласно со закон, овој Статут и правилникот на факултетот.

Деканот е должен најмалку еднаш во годината до наставно-научниот совет и до ректорот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА да поднесува извештај за својата работа.

Деканот е одговорен за законитоста и статутарноста на работата на органите на факултетот и има право и должност да запре од извршување општ акт и одлука на овие органи за кој смета дека не е во согласност со закон, овој Статут и другите акти на ИУ ЕУРОПА ПРИМА и на факултетот и за тоа го известува ректорот кој донесува одлука по спорното прашање.

За вршење на дел од своите права и обврски деканот може да овластува одделни продекани.

*Избор и разрешување на декан*

**Член 90**

Деканот се избира од редот на редовните и вонредните професори на факултетот, а доколку нема редовни и вонредни професори и од редот на доцентите за веме од три години, со право на уште еден избор, под условите утврдени со статутот на универзитетот.

Деканот го избира ректорот на предлог на наставно-научниот совет. Изборот на декан го потврдува Сенатот.

Постапката за избор на декан започнува најдоцна шест месеци пред истекот на мандатот на деканот.

Ако во определениот рок предвиден со статут на универзитетот единицата не избере декан, најдоцна во рок од три дена од истекот на мандатот на деканот, ректорот именува

времен вршител на должност декан, по претходно добиена согласност од лицето кое го именува за време определено со статутот на универзитетот.

Мандатот на вршител на должност декан може да трае најмногу шест месеци, при што за времен вршител на должност декан едно лице може да биде именувано само еднаш.

Времениот вршител на должност декан не може да се кандидира за декан додека ја врши функцијата времен вршител на должноста декан.

**Член 91**

Функцијата на декан и продекан може да престане и пред истекот на мандатот со оставка или разрешување.

Постапка за разрешување се спроведува ако наставно-научниот уметнички совет не го прифати извештајот за работата на деканот, односно на предлог на основачот.

## СТРУЧНА СЛУЖБА

**Член 92**

За вршење на стручни, административни и помошни работи ИУ ЕУРОПА ПРИМА формира служба служба која опфаќа: работата на службата за студентски прашања, подготвување на материјали од правна и финансиска природа, информативниот и библиотечниот систем на ИУ ЕУРОПА ПРИМА, издавачката дејкност и други административно-технички и општи работи.

**Член 93**

Со работата на Службата на ИУ ЕУРОПА ПРИМА раководи раководителот на стручните служби на ИУ ЕУРОПА ПРИМА.

Раководителот на стручните слжби за својата работа е одговорен пред ректорот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА.

**Член 94**

Генералниот секретар, врз основа на конкурс, го избира Ректорската управа, на предлог на ректорот.

**Член 95**

Раководителот на стручните слижби на ИУ ЕУРОПА ПРИМА:

- се грижи за подготвување и обработка на материјалите за седниците на Ректорската управа и Сенатот, како и за подготвување на одлуките и општите акти што ги донесуваат овие органи и тела;
- се грижи за исполнување и извршување на обврските на ИУ ЕУРОПА ПРИМА во соработката на ИУ ЕУРОПА ПРИМА со соодветните државни и општински органи и тела, надлежни за работите на образованието и науката;
- се грижи за уредноста и ажурноста во работата по предметите и подготвувањето на другите материјали и за таа цел свикува и раководи со работните состаноци на Службата на ИУ ЕУРОПА ПРИМА и со стручниот колегиум;
- го следи извршувањето на одлуките и заклучоците на органите на ИУ ЕУРОПА ПРИМА и ги известува за тоа;

- ја координира работата со секретарите на единиците за прашањата што се однесуваат на ИУ ЕУРОПА ПРИМА како целина и за работите од делокруг на Службата на ИУ ЕУРОПА ПРИМА;
- врши координирање на работата на службите на единиците;
- одлучува, во согласност со закон, за правата, должностите и одговорностите на вработените во Службата на ИУ ЕУРОПА ПРИМА.

## ИНТЕРУНИВЕРЗИТЕТСКА КОНФЕРЕНЦИЈА

**Член 96**

Заради разгледување и усогласување на прашањата од заедничко значење, универзитетите формираат Интеруниверзитетска конференција. ИУ ЕУРОПА ПРИМА е член на Интеруниверзитетската конференција.

**Член 97**

Претставници на ИУ ЕУРОПА ПРИМА во Интеруниверзитетската конференција се: ректорот и проректорите.

**Член 98**

Бројот на избраните членови се определува според вкупниот број на редовни студенти прв пат запишани на студиска година на ИУ ЕУРОПА ПРИМА.

## ФИНАНСИРАЊЕ И ИМОТ НА ИУ ЕУРОПА ПРИМА

***Финансирање***

**Член 99**

Финансирањето на ИУ ЕУРОПА ПРИМА се остварува од повеќе извори итоа:

- школарина и други давачки и такси на студиите;
- образовни активности на додипломски, последипломски и докторски студии;
- парични средства од основачот;
- парични средства од државата доколку има интерес да финансира одредени дејности;
- вршење на образовна, научноистражувачка и уметничка дејност за домашни и за странски правни и физички лица;
- вршење научна, уметничака и стручна дејност и продавање производи на домашни и на странски правни и физички лица;
- дејности по основ на јавни овластувања;
- уметнички творби;
- камати и дивиденди;
- авторски и други интелектуални права;
- издавачка дејност;

- од домашни и од странски правни и физички лица;
- други апликативни и применувачки активности;
- легати, подароци, завештанија, прилози;
- други приходи.

**Член 100**

Недвижниот имат и други средства на ИУ ЕУРОПА ПРИМА и на единиците во неговиот состав се во сопственост на основачот.

Имотот и средствата од став 1 се даваат на користење и располагање на ИУ ЕУРОПА ПРИМА кој управува со нив и ги користи за вршење на високообразовна дејност.

**Член 101**

Во случај ИУ ЕУРОПА ПРИМА да престане да работи имотот, сретствата и приходите што остануваатт по исполнувањето на обврските, му припаѓаат на основачот.

**Член 102**

Во случај ИУ ЕУРОПА ПРИМА да престане со работа оснивачот има обврска да им ги надокнади уплатените средства на студентите.

## ВИСОКООБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

***Општи одредби***

**Член 103**

На ИУ ЕУРОПА ПРИМА се организираат студии во два циклуси - степени во согласност со Болоњската декларација.

По завршување на студиите од став 1 на овој член, лицето се стекнува со соодветна квалификација, согласно со националната и со европската рамка на квалификации на високото образование.

**Член 104**

Студиите на ИУ ЕУРОПА ПРИМА се остваруваат врз основа на акредитирани студиски програми и според правилата за студирање базирани на европскиот систем за пренос и акумулација на поени (ECTS - European Credit Transfer and Accumulation System).

**Член 105**

Бројот на стекнати ЕКТС кредити/поени претставува квантитативна мерка на работа и активности неопходни за успешно завршување на студиите од соодветниот предмет.

***Достапност на високото образование на* ИУ ЕУРОПА ПРИМА**

**Член 106**

ИУ ЕУРОПА ПРИМА обезбедува пристап на студиските програми на Универзитетот под еднакви услови и селекција на кандидатите за упис, врз принципот на рамноправност на сите кандидати без оглед на раса, боја на кожа, пол, јазик, вера, политичко или друго уверување, етничко, национално или социјално потекло, имот, раѓање, општествена положба, инвалидност, сексуална ориентација и возраст.

***Права на странските државјани***

**Член 107**

Странските државјани можат да се запишуваат на студии на ИУ ЕУРОПА ПРИМА.

Странските државјани плаќаат полна цена за студиите.

***Студии***

*Академски и стручни студии*

**Член 108**

На ИУ ЕУРОПА ПРИМА се организираат академски и стручни студии.

Академските студии ги оспособуваат студентите за развој и примена на научните и стручните достигања.

Стручните студии им даваат на студентите знаења и вештини кои им овозможуваат вршење на стручни занимања и ги оспособуваат за непосредно вклучување во работниот процес.

Академските и стручните студии се усогласуваат со студиите во европскиот образовен и истражувачки простор.

***Циклуси на високото образование***

**Член 109**

Универзитетските академски студии се организирани и распоредени во два циклуси:

- прв циклус на универзитетски студии,
- втор циклус на универзитетски студии,

Секој циклус на универзитетските студии завршува со стекнување на одреден назив.

Секој циклус на студии е во согласност со европскиот кредит трансфер систем на пренос и акумулација на кредити (во натамошниот текст: ЕКТС), според кој за една година на студии по правило се стекнуваат 60 ЕКТС кредити.

***Прв циклус на универзитетски студии***

**Член 110**

На прв циклус универзитетски и стручни студии може да се запише лице кое положило државна матура или меѓународна матура.

На прв циклус универзитетски студии може да се запише лице кое положило државна матура, меѓународна матура, училишна матура во уметничко образование или кое завршило четиригодишно средно образование според прописите кои важеле пред воведувањето на државната матура.

Универзитетот, односно самостојната висока стручна школа одлучува кои наставни програми за средно образование се соодветни за упис на одделни академски или стручни студии.

**Член 111**

Првиот циклус на универзитетските студии трае четири години и со неговото завршување се стекнуваат од 240 ЕКТС кредити. Овие студии ги оспособуваат студентите за влез во вториот циклус на универзитетски студии и им се дава можност за вработување на одредени стручни работни места.

Лицето кое ги завршило студиите од ставот 1 на овој член се стекнува со диплома со додавка на соодветната струка.

Во меѓународниот промет и дипломата на англиски јазик, академскиот назив по завршување на првиот циклус на студии е baccalaureus, односно baccalaurea.

***Втор циклус на универзитетски студии***

**Член112**

На студиски програми од втор циклус на универзитетски студии може да се запише лице кое завршило соодветни студиски програми од прв циклус или се стекнало со 240 кредити.

Лицето кое завршило стручни студии може да се запише на академски студиски програми од втор циклус.

**Член 113**

Академските универзитетски студии на ИУ ЕУРОПА ПРИМА од вториот циклус се магистерски, траат една година и со нивното завршување се стекнуваат со 60 ЕКТС кредити.

Вкупниот број на кредити кои се стекнуваат на првиот и на вториот циклус на универзитетските студии изнесува 300 ЕКТС кредити.

Лицето кое ги завршило Магистерските студии на овој член со 300 ЕКТС кредити, се стекнува со научен назив – Магистер по одредено подрачје.

Во меѓународниот промет и дипломата на англиски јазик, научниот назив по завршување на вториот циклус на студии е Master.

***Стручни студии***

**Член 114**

Согласно со одредбите на законот за високо образование, ИУ ЕУРОПА ПРИМА може со посебен акт да организира и спроведе стручни студии.

***Студиски програми***

**Член 115**

Студиите на ИУ ЕУРОПА ПРИМА се организираат според студиски програми што ги донесува Сенатот, а акредитацијата ја врши надлежен орган во Република Македонија согласно закон.

Студиските програми ги предлагаат наставно-научните уметнички совети на единиците на ИУ ЕУРОПА ПРИМА.

Студиските програми ги усвојува Сенатот по претходно стручно мислење на Ректорската управа.

***Содржина на студиските програми***

**Член 116**

Студиските програми од првиот и вториот циклус на студии се оформуваат според нормативи, стандарди и методологија кои се прифатени на единствениот европски простор за високо образование така што овозможуваат споредливост со програмите на високообразовните установи во тој простор.

Профилот, целите и појдовните основи за формирање на студиските програми поблиску се определуваат со уредба за националната рамка на високообразовни квалификации која ја донесува Владата на Република Македонија.

Студиските програми треба да содржат задолжителни и изборни наставни предмети. Задолжителните наставни предмети треба да бидат од соодветната област на единицата на Универзитетот, односно на внатрешната организациона единица (институт, катедра, оддел), при што нивното учество не може да надминува 50% од бројот на предметите на студиската програма. Остатокот од студиската програма го сочинуваат изборните наставни предмети коишто студентите самостојно ги избираат од редот на сите наставни предмети застапени на единицата на ИУ ЕУРОПА ПРИМА.

***План на студиите***

**Член 117**

Студиите се изведуваат според план за реализација на наставата кој, во согласност со Законот и правилата на ИУ ЕУРОПА ПРИМА, го донесува единицата на ИУ ЕУРОПА ПРИМА која ја реализира студиската програма.

Со Планот се утврдува:

- наставен и соработнички кадар кој ќе ја реализира наставата на студиската програма;
- место на изведување на наставата;

- почеток и крај и временска рамка за изведување на наставата;
- облици на наставата (предавања, семинари, вежби, консултации, теренска работа, проверка на знаењата, и др.)
- начини на полагање на испитите, испитни рокови и мерила за испитување;
- попис на литературата за студиите и полагање на испитите;
- можност за изведување на студиите по далечински пат, како и
- други важни податоци за уредно изведување на студиската програма.

Препорачаната литература за одредени предметни програми и за поединии предмети мора да биде усогласена со обемот и рамките на програмата.

Планот на студиите се објавува пред почетокот на наставата во односната академска година и е достапен за јавноста. Планот се објавува на интернет-страницата на Универзитетот односно на соодветната единица.

***Програми за стручно и професионално усовршување***

**Член 118**

На ИУ ЕУРОПА ПРИМА може да се организираат различни програми на стручно, односно професионално усовршување во рамките на концептот за доживотно учење. Таквите програми се организираат заради усовршување, дополнување, продлабочување и осовременување на знаењето и не се сметаат за студии во смисла на овој Статут и законот.

По завршување на програмите за стручно, односно професионално усовршување се стекнува потврда, односно сертификат кој го издава ИУ ЕУРОПА ПРИМА.

Учесниците во формите за стручно, односно професионално усовршување немаат статус на студенти.

***Стручно образование пократко од три години***

**Член 119**

За стекнување на стручни знаења и обука ИУ ЕУРОПА ПРИМА преку неговите единици организира стручно образование со траење и пократко од три години.

За стекнатите стручни знаења и обука од претходниот став се издава сертификат.

На лицето кое стеканало сертификат или друг документ за стручно знаење, според програма која е дел од акредитирана студиска програма од прв циклус на високообразовни стручни студии може стекнатото стручно знаење и обука изразено во кредити да му се признае како дел од вискообразовна студиска програма. Стекнатите кредити се забележуваат во сертификатот или другиот документ од овој член.

Лицето кое се стекнало со стручно знаење и со кредити согласно со претходниот став на овој член и има знаење стекнато од други форми на учење кое ќе биде соодветно евалуирано од ИУ ЕУРОПА ПРИМА, може да ги продолжи студиите според студиската програма соодветна на стекнатите кредити и евалуираното знаење, според условите утврдени со општ акт на ИУ ЕУРОПА ПРИМА и соодветниот циклус на Универзитетски студии.

***Студиска програма за заедничка диплома***

**Член 120**

Студиска програма за стекнување на заедничка диплома е студиска програма која ИУ ЕУРОПА ПРИМА ја прифаќа и изведува заедно со еден или повеќе универзитети, други соодветни установи од Република Македонија или од странство акредитирани во земјата во која им е седиштето.

Заедничката диплома е јавен документ. Содржината и обликот на заедничката диплома, како и прилозите кон дипломата ги определуваат ИУ ЕУРОПА ПРИМА и партнерот, согласно со закон.

***Доживотно учење***

**Член 121**

ИУ ЕУРОПА ПРИМА може да организира програми на доживотно учење, користејќи пред сѐ иновативни методи и инструменти за подучување и учење (користење на нови технологии, далечинско учење и сл.) и користејќи го просторот и опремата на ИУ ЕУРОПА ПРИМА кои се на располагање во време на дневната и седмичната настава.

**Член 122**

Доживотното учење ги има следниве цели:

- стекнување формална универзитетска диплома;
- добивање потврда за успешно завршување на специфични програми за обука (почетни и континуирани), или
- надополнување или освежување на компетенциите од одредена област, наменето за поранешни студенти.

Програмите за доживотно учење кои имаат за цел стекнување на формална универзитетска диплома не можат да бидат алтернатива на соодветните редовни универзитетски програми, со оглед на тоа што овие програми се наменети првенствено за повозрасни потенцијални студнети.

Системот на оценување на програмите за доживотно учење исто така се базираат на ЕКТС кредити/поени и резултати од учењето.

Претходното учење, формално и неформално, се признава од страна на ИУ ЕУРОПА ПРИМА и на овие студенти им се доделуваат соодветен број на ЕКТС кредити, кои ќе им послужат или како основа за упис на универзитетска програма (редовна или доживотна), или како елемент во рамките на овие програми.

***Далечинско учење***

**Член 123**

Студиите можат да се организираат и преку системот за далечинско учење.

Предлогот на планот на студиите по далечински пат го поднесува единицата која е носител на студиската програма, а го потврдува Сенатот по претходно мислење на Ректорската управа.

***Орган што ги донесува студиските програми***

**Член 124**

Студиските програми од прв, втор и трет циклус и студиските програми за усовршување ги усвојува Сенатот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА.

Студиските програми од став 1 на овој член ги предлага наставно-научниот совет, односно научниот совет на единицата.

Студиските програми се менуваат по истата постапка по која и се усвојуваат.

***Вреднување на студиски програми со кредити по ЕКТС***

**Член 125**

Студиските програми се вреднуваат со кредити по ЕКТС. Секоја година на студиската програма содржи 60 кредити.

Студиските програми од прв циклус кои содржат од 240 кредити и траат четири години според видот на програмата се вреднуваат како стручни или како академски студиски програми.

Студиските програми од втор циклус кои се организираат како континуирани (единствени) студии и содржат 60 кредити и заедно со 240 кредити стекнати на првиот циклус на академски студии и траат една година се вреднуваат како магистерски студии.

***Пренесување на кредити***

**Член 126**

Кредитите можат да се пренесуваат од една на друга иста, слична или различна студиски програма во рамките на ИУ ЕУРОПА ПРИМА, односно од еден на друг универзитет, односно од една на друга самостојна високообразовна установа, односно на универзитет.

Критериумите и условите за пренесување на кредитите и условите за преминување меѓу студиските програми поблиску се уредуваат со акт на ИУ ЕУРОПА ПРИМА и со договорот склучен меѓу високообразовните установи.

***Јазици на кои се изведува наставата***

**Член 127**

Наставата на ИУ ЕУРОПА ПРИМА се изведува на македонски јазик. Единиците можат да понудат наставата за целосна студиска програма да се изведува паралелно на македонски јазик и на еден од светските јазици.

***Запишување на студии***

**Член 128**

Запишувањето на студии на двата циклуси се врши врз основа на конкурс кој го усвојува Сенатот на предлог на единиците.

Конкурсот за упис на студии од прв циклус се објавува најмалку 5 месеци пред започнувањето на наставата.

Конкурсот за упис на студии од втор циклус се објавува најмалку 1 месец пред започнувањето на наставата.

***Почеток и завршување на студиска година***

**Член 129**

Студиската година почнува на 15 септември, а завршува на 14 септември следната година и се дели на два семестри, зимски и летен или на три семестри, со можност наставата да се остварува во циклуси. Почетокот и времетраењето на наставата по семестри се определува со акт на Сенатот.

***Обем и организација на студиите***

**Член 130**

Во рамките на најмногу 40 недели годишно, вкупното оптоварување на студентите изнесува од 1.500 до 1.800 часа годишно.

Во случаите од ставот 1 на овој член студиските програми од првиот циклус содржат најмалку 20, а најмногу 30 часа предавања, вежби и семинари неделно и 30 недели годишно.

По исклучок, ако студиската програма содржи практично оспособување, вкупното оптоварување на студентот не смее да надмине 40 часа неделно и 45 недели годишно.

Оптоварувањето на студентите од ставот 1 на овој член опфаќа предавања, вежби, семинари и други облици на студиите кои се соодветни на специфичноста на наставно-научната област, консултативно-инструктивна настава, форми на континуирана проверка на знаењето и испити кои се сметаат како контакт часови, како и индивидуална студиска работа, самостојно учење, како и изработка на дипломска (магистерска, докторска) задача.

Организацијата и временското распоредување на предавањата, семинарите и вежбите се прилагодува на специфичноста на студиската програма (студиски програми по уметност и други ), на начин и според постапка утврдени со акт на Сенатот.

Оптоварувањето на вонредните студенти се утврдува со планот на студиите и тоа не смее да биде поголемо од оптоварувањето пропишано со овој член.

***Проверка на знаењето***

**Член 131**

Проверката на знаењето на студентот по наставните предмети, се врши континуирано во текот на наставно-образовниот процес и се изразува во поени.

За исполнување на обврските за полагање на испитот (по делови или во целина) студентот може да оствари најмногу 100 поени или да добие позитивна оценка која се изразува до 10 (десет), при што оценката 5 (пет) означува недоволен успех.

Испитот од еден наставен предмет може да се полага најмногу четири пати, од кои четвртиот пат се изведува пред комисија составена од три члена од наставници од исто или сродно наставно-научно подрачје. Комисијата ја формира деканот.

Студент кој и по четвртиот пат не успеал да го положи испитот е должен наредната академска година повторно да го запише тој предмет.

Со планот на студиите може да се утврди дека некои облици на настава се спроведуваат без оценување или дека се оценуваат описно.

Нумеричкиот систем за оценување се споредува со системот на оценување според ЕКТС, и тоа:

| | |
|---|---|
| 10 => A | A => 10 |
| 9 => B | B => 9 |
| 8 => C | C => 8 |
| 7 => D | D => 7 |
| 6 => E | E => 6 |
| 5 => F | F, FX => 5 |

Просечниот успех на студентот претставува аритметичка средина на оценките од завршното оценување по сите наставни предмети во текот на студиите, вклучувајќи го и завршниот испит.

За секоја проверка на знаењето, континуирано и завршно оценување, студентот поднесува пријава.

### *Испитни рокови*

### Член 132

Студентот има право да ги полага предметите во рамките на: зимскиот, есенскиот и летниот испитен рок. Испитните рокови траат најмалку 3 недели. За секој предмет во секој испитен рок се даваат два термина. Разликата помеѓу двата термина не може да биде помала од 10 дена.

Ако за одредени предмети се изведува континуирана проверка на компетенциите на студентот во текот на семестарот, носителот на студиската програма (единицата) не мора да ги дава испитните рокови од став 1 на овој член и може да ги дефинира бројот и распоредот на испитните рокови со овој општ акт.

Испитите можат да се организираат непосредно по завршувањето на блок наставни содржини, односно преку колоквиуми ако се предвидени во предметната програма, а крајната оценка се утврдува на завршниот испит во редовна испитна сесија. Во крајната оценка може да се вкалкулираат постигањата на студентот во текот на континуираното оценување.

Испитите, или некои други форми на проверка на стекнатите знаења, вештини и способности, се полагаат од сите предмети кои студентот ги запишал, и тоа според градивото утврдено според студиската програма.

На испитот може да му се подвргне оној студент кој ги има задоволено сите пропишани обврски утврдени според студиската програма на конкретниот предмет.

За секој студент се води испитна документација.

*Приговор заради оценка од проверка на знаењето*

**Член 133**

Студент, во рок од 24 часа, може да поднесе приговор до деканот односно директорот на единицата, ако не е задоволен од завршното оценување, односно од оценката, или ако смета дека испитот не е спроведен во согласност со закон, актите на ИУ ЕУРОПА ПРИМА и на единицата.

Ако деканот утврди дека се исполнети условите од ставот 1 на овој член, наставникот ќе ја преиспита оценката од завршното оценување. Ако наставникот не ја преиспита оценката што ја утврдил, студентот испитот го полага пред тричлена комисија составена од наставници од исто или сродно наставно-научно подрачје, во наредните 24 часа, наредниот работен ден. Комисијата ја формира деканот, односно директорот.

Наставникот кај кого полагал студентот, не е член на комисијата од претходниот став на овој член.

По барање на студентот му се овозможува да го повтори завршното оценување за повисока завршна оценка по наставен предмет во период од најмногу четири месеца од полагањето. Доколу студентот на повтореното завршно оценување добие пониска оценка, таа е конечна и студентот нема право да го повтори завршното оценување.

*Упис на повисока година на студии*

**Член 134**

Студентот стекнува право на упис во повисока година на студии кога ќе ги исполни сите студиски обврски изразени во ЕКТС кредити, предвидени со запишувањето во претходната студиска година.

Студентот може да ги запише само оние предмети за кои стекнал право според студиската програма и изведбениот план.

Програмата и планот на студиите може да се базира на запишување семестри.

Студентот кој нема да ги исполни условите за запишување на повисока година може да го продолжи студирањето на тој начин што повторно ќе ги запише студиските обврски кои не успеал да ги исполни, но во границите на бројот на кредити предвиден за еден семестар т.е. од **30** кредити.

*Завршување на студиите*

**Член 135**

Студиите од прв циклус завршуваат со полагање на сите испити, изработка на дипломски труд или полагање на завршен испит, во согласност со студиската програма и собрани 240 ЕКТС кредити.

Студиите од вториот циклус завршуваат со полагање на сите испити, изработка на постдипломски (магистерски) труд и негова одбрана, во согласност со студиската програма и собрани најмалку (240 односно) 300 ЕКТС кредити.

Постапката за пријава, оценка и одбрана на магистерски труд се утврдува со акт на Сенатот. Одбраната на магистерскиот труд се врши пред комисија составена од три члена со

наставно-научни и научни звања, од кои најмалку два се од соодветната научна област во која е темата на магистерскиот труд.

Со завршувањето на студиите во согласност со овој член, студентот стекнува соодветен стручно или академско звање или степен, како и други права согласно со посебните прописи.

***Диплома и додаток на диплома***

**Член 136**

Студентот кој ќе ги изврши сите обврски по студиската програма за добивање на високо образование во кој било циклус на образование, врз основа на евиденцијата што се води за него Универзитетот му издава диплома.

Со дипломата се потврдува дека студентот завршил студиска програма од прв или втор циклус и се стекнува со соодветен стручен или научен назив.

Составен дел на дипломата е додаток на дипломата (Diploma Supplement).

Диплома и додаток на дипломата на Универзитетот ја потпишува ректорот и деканот односно директорот на единицата на Универзитетот и се оверува со сув печат на Универзитетот.

Заедничката диплома и додаток на дипломата ја потпишуваат овластените лица на високообразовните установи кои организираат студиска програма за стекнување на заедничка диплома.

Дипломата е јавна исправа.

***Водење и заштита на личните податоци***

**Член 137**

Универзитетот води евиденција со лични податоци за студентите:

1) евиденција на пријавени кандидати за упис и запишани студенти;
2) личен картон кој се води за секој студент од започнување на студиите до завршување на студиите односно до отпишувањето;
3) записник за испитот со кој се евидентира пријавата кон испитот, текот на испитот и постигнатата оценка и
4) евиденција на издадени документи за завршени студии.

Евиденцијата од ставот 1 точки 1, 2 и 4 на овој член опфаќаат: име и презиме на студентот (за студентките и моминско презиме), пол, датум, место и дата на раѓање, држава на раѓање, живеалиште или претстојувалиште, единствен матичен број на граѓанинот, државјанство, претходно стекнато образование, начин на студирање, како и други податоци по посебни прописи. Евиденцијата од ставот 1 точка 2 на овој член опфаќа и податоци за положени испити, за напредувањето и завршувањето на студиите.

Евиденцијата од ставот 1 точка 3 на овој член опфаќа: име и презиме на студентот, (за студентките и моминско презиме), пол, единствен матичен број на граѓанинот, начин на студирање, година на студирање и студиска година на првиот упис, датум на испитот, податоци за тоа дали испитот го полага прв пат или го повторува, како и оценка добиена на испитот.

Одредбите во врска со водењето, употребата и чувањето на личните податоци од евиденцијата се користат и за документација, врз основа на која биле собрани личните

податоци. Документите за претходното образование, по завршената уписна постапка му се враќаат на студентот.

Евиденцијата од овој член се води во материјална форма. Истовремено, евиденцијата може да се води и во електронска форма.

Обрасците потребни за евиденција и обрасците на кои се запишуваат податоците од евиденцијата ги издава Универзитетот.

**Член 138**

За потребите на евиденцијата ИУ ЕУРОПА ПРИМА издава обрасци.

Евиденцијата од овој член се води во материјална форма. Истовремено, евиденцијата може да се води и во електронска форма.

Обрасците потребни за евиденција и обрасците на кои се запишуваат податоците од евиденцијата ги издава ИУ ЕУРОПА ПРИМА.

***Матична книга на запишани студенти,***
***главна книга на дипломирани студенти***

**Член 139**

ИУ ЕУРОПА ПРИМА води:

- матична книга на запишани студенти
- главна книга на дипломирани студенти и
- досие на секој студент.

Матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломирани студенти се документи од трајна вредност.

## СТУДЕНТИ И СТУДЕНТСКИ ОРГАНИЗАЦИИ, ПРАВА И ОБВРСКИ НА СТУДЕНТОТ

**Статус на студент**

**Член 140**

Статусот на студент, а со тоа и член на академската заедница се стекнува со запишувањето на прв и втор циклус на студии на ИУ ЕУРОПА ПРИМА.

Статусот на студент се докажува со студентска легитимација или со индекс.

**Права и обврски на студентот**

**Член 141**

Студентот има право на:

1. квалитетни студии и образовен процес како што е предвидено со студиските програми;

2. слободно искажување на мислење и ставови во текот на наставата и другите активности на ИУ ЕУРОПА ПРИМА;
3. право на изјаснување за квалитетот (оценување) на наставата и наставниците;
4. редовно студирање и статус на редовен студент и право на вонредно студирање и статус на вонреден студент;
5. редовно да напредува, да се образува и да го заврши студирањето под услови кои важеле при уписот;
6. запишување и образование под еднакви услови утврдени со закон, Статут и студиска програма;
7. учество во управувањето со ИУ ЕУРОПА ПРИМА согласно со закон и Статутот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА;
8. заштита на своите права и должности пред органите на ИУ ЕУРОПА ПРИМА и
9. заштита на личноста на студентот од злоупотреба и на неговото достоинство.

**Член 142**

Студентот има право и да:

1. студира истовремено на повеќе студиски програми од различни специјалности и да изучува дополнителни курсеви;
2. ги продолжи студиите на друга високообразовна установа ако ИУ ЕУРОПА ПРИМА престане со работа;
3. ги користи библиотеката и базите на податоци, просторот, опремата (учебните помагала), софтверот и друга научна и стручна инфраструктура на ИУ ЕУРОПА ПРИМА;
4. учествува во научно-истражувачката, уметничката и стручната дејност при што му се гарантираат авторски, пронаоѓачки и слични права и награди;
5. избира и да биде избиран како претставник на студентите во органите на ИУ ЕУРОПА ПРИМА;
6. преминува од една на друга високообразовна установа, односно од едни на други студии и при тоа да ги користи погодностите на кредит системот;
7. учествува на работата на студентските организации;
8. учествува во формите на организирање на студентските организации утврдени со Статутот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА;
9. ги продолжи студиите што ги прекинал под услови определени со Статутот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА,
10. користи распуст не помалку од 60 дена во рамките на една календарска година;
11. добива државни или други стипендии или да користи финансиски кредит за издршка за време на школувањето;
12. остварува соработка со студентите во земјата и во странство и
13. остварува и други права согласно со закон и со Статутот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА.

**Обврски на студентот**

**Член 143**

Студентот има обврска да:

1. ги исполнува задачите пропишани во студиските програми;
2. ги почитува одредбите од Закон за високо образование, Статутот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА и другите правни акти на внатрешното уредување;
3. се придржува кон решенијата и одлуките на органите на ИУ ЕУРОПА ПРИМА и на нејзината единица;
4. да ги почитува авторските права на авторите на учебниците, монографиите и учебните помагала и
5. да дејствува во согласност со студентскиот етички кодекс кој го подготвува и одобрува високообразовната установа во согласност со студентското претставување.

**Член 144**

Студентите на сите степени на високо образование кои се без родители, слепи, глуви, инвалиди од прва и втора група, мајки со деца до шестгодишна возраст и хоспитализираните имаат право на посебни погодности кои секоја уписна година ги определува со одлука Управниот одбор на ИУ ЕУРОПА ПРИМА.

**Правила на студирање**

**Член 145**

Со правилник за студирање на ИУ ЕУРОПА ПРИМА се регулираат постапките и правилата за студирање, а особено за:

1. студентскиот календар;
2. ставањето на студиите во мирување;
3. уписните постапки;
4. испитниот режим;
5. напредувањето, инклузивно со условите за побрзо напредување,
6. завршување на образованието;
7. преминувањата помеѓу студиските програми;
8. повторувањето на семестарот, презапишувањето на предмети, односно условното напредување;
9. продолжувањето на студиите по прекинувањето;
10. паралелно, интердисциплинарно и индивидуално студирање;
11. признавање на испитите и другите студиски обврски положени на различни високообразовни установи;
12. видот на исправите кои му се издаваат на студентот врз основ на евиденцијата определена со Закон за високо образование;
13. постапката за заштитата на правата на студентите;
14. органите надлежни за водење на постапките и одлучувањето;
15. дисциплинската одговорност и права и должностите на студентите во дисциплинската постапка и
16. други правила поврзани со правата и должностите на студентите.

**Престанок на статусот на студент**

**Член 146**

На студентот му престанува статусот на студент во Универзитетот, ако студентот:

- дипломира;
- не ги заврши студиите во рокот утврден со закон и општ акт на ИУ ЕУРОПА ПРИМА донесен од страна на Сенатот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА;
- се испише;
- е исклучен и
- во други случаи утврдени со правилникот за студирање на универзитетот и на единицата на ИУ ЕУРОПА ПРИМА.

Статусот може да биде обновен според постапката утврдена со правилникот за студирање на ИУ ЕУРОПА ПРИМА, освен ако статусот не престанал со трајно исклучување.

Трошоците за обновување на статусот ги поднесува студентот, а истите се определуваат со општ акт на ИУ ЕУРОПА ПРИМА.

**Дисциплински мерки**

**Член 147**

За повреда на должностите и за неисполнување на обврските, на студент може да му се изрече дисциплинска мерка опомена, јавна опомена и исклучување.

Барање за поведување на дисциплинска постапка може да поднесат членовите на акаденската заедница.

Дисциплинската мерка исклучување се применува за учебната година во која е изречена.

Дисциплинските мерки ги изрекува комисијата за дисциплински мерки на единицата на универзитетот во состав од 5 члена, од кои 4 од редот на 28 наставниот кадар кој се бираат од страна на наставно – научниот совет на единицата на ИУ ЕУРОПА ПРИМА.

Во составот на дисциплинската комисија еден член делегираат студентите на единицата на која е запишан студентот.

По поднесено барање за поведување на дисциплинска постапка согласно став 2 од овој член, дисциплинската комисија го известува студентот за барањето и му го доставува на одговор со рок од 8 дена од денот на приемот истото.

По добивање на одговорот од претходниот став комисијата се состанува и донесува одлука во рок од 8 дена.

Доколку се води постапка за диciплинска мерка исклучување покрај барањето од подносителот и писмениот одговор од студентот, комисијата ги повикува студентот и подносителот на барањето усно да се произнесат по наводите и да одговорат на дополнителни прашања на комисијата. Комисијата составува записник од одрќаниот состанок.

Жалба против одлуката на дисциплинската комисија може да поднесе подносителот на барањето и студентот во рок од 8 дена од денот на добивање на одлуката од дисциплинската комисија, до наставно - научниот совет на единицата на која студира студентот.

Постапката за дисциплинската одговорност се спроведува врз начелото на праведност и сослушување од страна на комисијата за дисциплински мерки.

**Студентски правобранител**

**Член 148**

Заради заштита на правата на студентите на ИУ ЕУРОПА ПРИМА се избира студентски правобранител, од редот на редовните студенти на ИУ ЕУРОПА ПРИМА.

Студентскиот правобранител се избира од Сенатот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА, со мнозинство гласови на членовите на Сенатот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА, на предлог на студентско собрание на ИУ ЕУРОПА ПРИМА на претходно објавен конкурс.

На секоја единица на ИУ ЕУРОПА ПРИМА, се избира заменик студентски правобранител, кој го избира факултетското студентско собрание по претходно објавен конкурс, од редот на редовните студенти.

Мандатот на студентскиот правобранител и на замениците студентски правобранители е 2 години, без можност за реизбор.

Постапка за разрешување на студентскиот правобранител може да покрене студентско собрание на ИУ ЕУРОПА ПРИМА, а одлука за разрешување донесува Сенатот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА, со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

Постапка за разрешување на заменикот студентски правобранител можат да покренат членовите на студентските собранија на единиците на ИУ ЕУРОПА ПРИМА, студентскиот правобранител или 1/10 од вкупниот број студенти запишани во моментот на единицата на ИУ ЕУРОПА ПРИМА на кој е избран заменикот студентски правобранител. За разрешување на заменикот студентски правобранител одлучува студентските собранија на единиците на ИУ ЕУРОПА ПРИМА.

**Надлежност на студентскиот правобранител**

**Член 149**

Студентскиот правобранител постапува по поднесок од страна на студент или по сопствена иницијатива доколку увидел дека е повредено право на студент од страна на органите на ИУ ЕУРОПА ПРИМА или друг член на академската заедница на ИУ ЕУРОПА ПРИМА.

Органите на ИУ ЕУРОПА ПРИМА се должни да постапат по укажувањата на студентскиот правобранител.

Заменик студентскиот правобранител постапува по поднесок од страна на студент и по сопствена иницијатива доколку увидел дека е прекршено право на студент од страна на органите на факултетот или друг член на академската заедница на факултетот.

Органите на факултетот се должни да постапат по укажувањата на заменикот студентски правобранител.

За својата работа, студентскиот правобранител поднесува годишен извештај до Сенатот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА.

За својата работа замeникот студентски правобранител поднесува годишен извештај до студентскиот правобранител и до Наставно-научниот совет на единицата.

**Студентско организирање**

**Член 150**

Студентското собрание е тело на ИУ ЕУРОПА ПРИМА, во кое членуваат претставници на студентите.

Работата на студентското собрание се финансира од средства на ИУ ЕУРОПА ПРИМА за чија висина одлучува Управниот одбор на ИУ ЕУРОПА ПРИМА, како и од: легати, подароци, завештанија, прилози и други извори.

Студентските собранија располагаат со средствата на начин утврден со нивниот Статут и по претходна согласнот на планот за трошење на средствата од страна на Управниот одбор на ИУ ЕУРОПА ПРИМА.

**Универзитетско студентско собрание**

**Член 151**

Универзитетското студентско собрание е тело на ИУ ЕУРОПА ПРИМА во кое членуваат претставници на студентите.

Универзитетското студентско собрание ги штити интересите на студентите, учествува преку свои претставници во одлучувањето во органите и телата на ИУ ЕУРОПА ПРИМА и ги претставува студентите во рамки на високото образование како членови на академската заедница.

**Надлежност на Универзитетското студентско собрание**

**Член 152**

Универзитетското студентско собрание има надлежност да:

- избира студентски претставници во Сенатот и другите органи и тела на ИУ ЕУРОПА ПРИМА,
- донесува план и програма за својата работа,
- предлага студентски правобранител,
- се грижи за квалитетот на животот на студентот и квалитетот на процесот на студирање, студентскиот стандард, остварувањето на студентските права и интереси и за студентската културна, социјална и интелектуална надоградба,
- им предлага на органите на управување план за финансирање на студентските активности,
- поттикнува студентски активности надвор од наставниот процес,

- донесува општи акти на студентското собрание согласно законот и Статутот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА,
- врши други активности од интерес на студентите.

Универзитетското студентско собрание е составено од претставници на студентите именувани од редот на претставниците избрани во факултетското студентско собрание.

Факултетските студентски собранија и студентските собранија на високите стручни школи именуваат по двајца претставници во универзитетското студентско собрание на ИУ ЕУРОПА ПРИМА во чиј состав се.

Претседател на универзитетското студентско собрание се избира од редот на претставниците именувани во универзитетското студентско собрание.

Мандатот на членовите и на претседателот на универзитетското студентско собрание трае една година, со право на уште еден избор.

Бројот на членовите на универзитетското студентско собрание, како и органите на универзитетското студентско собрание и начинот на нивниот избор се уредуваат со Статутот на универзитетското студентско собрание.

Универзитетското студентско собрание има Статут. Статутот на универзитетското студентско собрание се донесува по претходна согласност од Сенатот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА и Управниот одбор на ИУ ЕУРОПА ПРИМА.

Работата на универзитетското студентско собрание се финансира со средства на ИУ ЕУРОПА ПРИМА во рамките на кој делува универзитетското студентско собрание.

## Факултетско студентско собрание

### Член 153

Факултетското студентско собрание е тело на факултетот во кое членуваат претставници на студентите.

Претставниците во факултетското студентско собрание се избираат на непосредни, фер и демократски избори со тајно гласање.

Право да избираат и да бидат избрани за членови на факултетското студентско собрание имаат сите студенти на факултетот, кои се запишани на студии во учебната година во која се избира факултетското студентско собрание.

Мандатот на членовите и на претседателот на факултетското студентско собрание трае една година, со право на уште еден избор.

Изборот на членовите и на претседателот на факултетското студентско собрание се одржува секоја година во термин утврден со Статутот на универзитетското студентско собрание.

Изборите за членовите на факултетското студентско собрание ги распишува деканот во рок од 30 дена пред нивното одржување.

Во одлуката за распишување на избори Деканот именува изборна комисија составена од студенти и наставници, односно соработници која ги спроведува изборите за членови на факултетското студентско собрание. Мнозинството на членови на изборната комисија ја сочинуваат студентите.

Доколку деканот на факултетот не ги распише изборите за факултетското студентско собрание во определен рок, изборите ги распишува ректорот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА во рок од три дена од истекот на рокот.

Постапката за избор и бројот на членовите на факултетското студентско собрание, како и органите на факултетското студентско собрание и начинот на нивниот избор се уредуваат со Статутот на факултетот во согласност со Статутот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА.

Факултетското студентско собрание има Статут, кој студентското собрание го донесува по претходна согласност од наставно-научниот совет на факултетот.

Заради остварување на правата и заштита на интересите на студентите, факултетското студентско собрание ги избира и разрешува претставниците на студентите во органите на факултетот, во согласност со закон, со Статутот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА и Статутот на факултетот.

Работата на факултетското студентско собрание се финансира со средства на факултетот во рамките на кој делува факултетското студентско собрание.

Со факултетското студентско собрание претседава претседател кој се избира на непосредни и тајни избори. Претседателот на факултетското студентско собрание ги извршува одлуките на факултетското студентско собрание, ги застапува студентите и факултетското студентско собрание и е одговорен за неговата работа.

**Учество на студентите во управувањето**

**Член 154**

Студентите учествуваат во управувањето со ИУ ЕУРОПА ПРИМА преку претставниците кои ги избираат во:

- универзитетското студентско собрание, факултетското студентско собрание.
- во органите на ИУ ЕУРОПА ПРИМА согласност со закон,
- преку формите на самоорганизирање или
- на друг начин според условите утврдени со закон и овој Статут

Студентското собрание на универзитетот и студентското собрание на факултетот им овозможуваат на студентите остварување на заедничките интереси како партнери во процесот на високото образование.

**Финансирање на студентите**

**Член 155**

Со поднесување на документацијата за упис и со уплата на депозитот за упис, односно школарината, кандидатот склучува преддоговор во кој се содржани главните елементи на договорот за студирање.

По извршениот прием, кандидатите склучуваат договор за студирање со ИУ ЕУРОПА ПРИМА.

Со договорот за студирање се регулираат меѓусебните права и обврски помеѓу ИУ ЕУРОПА ПРИМА и студентот, висината на школарината и условите за студирање.

**Член 156**

Студирањето е со лично финансирање.

Личното финансирање се однесува на уплата за:

- годишна школарина;
- издавање на индекс;

- пријава на испит;
- комисиско оценување кое е по барање на студентот;
- преполагање на испит кое е по барање на студентот;
- одбрана на проектна задача од одржан семинар;
- одбрана на семинарска работа;
- набавка на работна униформа;
- трошоци за практична настава;
- превоз за практична настава во два правци;
- активности кои се врзани со процесот на образованието;
- материјални трошоци поврзани со изведувањето на наставата по стручните предмети;
- посета на работен семинар по избор на студентот;
- одбрана на дипломска работа.

Студентот ги сноси и материјалните трошоци за издавање на разни уверенија и потврди, за издавање диплома за завршени студии, како и за исписница од универзитетот, во точно утврдени рокови според правилник, односно ценовник на ИУ ЕУРОПА ПРИМА. Износот на уплатите за лично финансирање и износот на материјалните трошоци се регулираат со договорот за студирање и Правилникот за надомест на висината на трошоците за давање разни услуги на ИУ ЕУРОПА ПРИМА претставува составен дел на договорот за студирање склучен со секој студент поединечно.

Наведениот правилник задолжително се објавува на интернет страната на ИУ ЕУРОПА ПРИМА пред почетокот на академската година, на кој начин студентите се запознаваат со студирањето на ИУ ЕУРОПА ПРИМА.

**Член 157**

Доколку студентот не ги положи сите испити утврдени со наставната програма за академската година, најдоцна до 25 октомври, должен е да плати дополнителен надоместок кој се определува со правилник на ИУ ЕУРОПА ПРИМА.

Доколку студентот не го уплати дополнителниот надоместок во рокот предвиден во став 1 од овој член, му престанува статусот студент на ИУ ЕУРОПА ПРИМА, без право да му бидат вратени претходните уплати.

Доколку и по уплатата на дополнителниот надоместок студентот не ја ликвидира годината во рок од 1 (една) година заклучно со 25 ноември, должен е за секоја наредна година, до целосно расчистување на предметите од предходната година да уплаќа по 30% од износот на годишната школарина за заостанатата студиска година.

Доколку студентот не го уплати дополнителниот надоместок од став 3 на овој член, му престанува статусот студент на ИУ ЕУРОПА ПРИМА, без право да му бидат вратени претходните уплати.

**Член 158**

Износот на годишната школарина студентот е должен да го уплати на следниот начин:

Целосниот износ во целост, најдоцна 5 дена од денот на стартување на студиската година, или на рати, и тоа најмногу до 12 месечни рати.

Сите поединости околу начинот на плаќање на школарината се регулираат со договорот помеѓу ИУ ЕУРОПА ПРИМА и студентот, т.е. гарантот.

Доколку студентот не ги уплати средствата за годишната школарина во предвидените рокови се смета дека истиот се откажал од студирање и го губи правото на студирање, а предходно уплатените средства се неповратни.

**Статус на студент**

**Член 159**

Статус на студент, а со тоа и член на академската заедница, се стекнува со запишувањето со запишувањето на прв, втор или трет циклус на студии на ИУ ЕУРОПА ПРИМА, односно со склучување на договор за студирање и уплата на целиот износ на школарината.

Статусот на студент се докажува со договор за студирање, индекс и со студентска легитимација.

Студентите кои се без родители, слепи, глуви, инвалиди од прва и втора група, мајки со деца до шестгодишна возраст и хоспитилизираните, имаат право на посебни погодноси утврдени во Правилникот за полагање на испити.

Управниот одбор усвојува правилник со кој ги утврдува условите според кои се наградуваат студентите (вклучувајќи и ослободување од школарина за една или повеќе академски години) кои постигнуваат натпросечни резултати и со својата активност помагаат во развојот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА.

Правата од ставовите 1, 2 и 3 на овој член, студентот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА, ги остварува во обем и според условите утврдени со закон, овој Статут и општите акти на ИУ ЕУРОПА ПРИМА.

**Право на предвремено полагање испити и на паралелно студирање**

**Член 160**

Студентот кој по завршувањето на прва година, односно кој ги исполнил условите од кредит-системот на првиот циклус на универзитетски студии ќе постигне просечна оценка најмалку 8,00 (осум) има право предвреме да полага испити по предмети од следната година, по предходна уплата на годишната школарина за наредната академска година, односно по првиот блок предмети според кредит-системот, како и на паралелно студирање на друг факултет. Процедурата за превремено полагање се регулира со посебен правилник.

**САМОЕВАЛУАЦИЈА**

**Член 161**

За процена на квалитетот на вршење на високообразовната дејност, на управувањето, финансирањето, академските и други активности и нејзините приоритети, ИУ ЕУРОПА ПРИМА врши самоевалуација.

Самоевалуацијата се остварува преку институционална евалуација и преку евалуација на студиските и предметни програми и на процесите на настава и учење (во натамошниот текст: самоевалуација).

Самоевалуацијата се спроведува во рамките на факултетите и на ниво на ИУ ЕУРОПА ПРИМА, согласено Упатството за единствените основи на самоевалуацијата, членот 15 став 1 од овој Статут.

**Член 162**

Евалуацијата на ИУ ЕУРОПА ПРИМА ја спроведува Комисија за самоевалуација на ИУ ЕУРОПА ПРИМА составена од 7 членови, од кои пет се избираат од редот на наставниците, а два од редот на студентите кој ги бира Сенатот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА со мандат од 4 години, а студентите со мандат од 1 година.

Евалуацијата на ниво на факултет ја спроведуваат поткомисии за евалуација на факултетите од 5 члена, од кои три се избираат од редот на наставниците и два

Сенатот ги избира, со тајно гласање, членовите на Комисијата за евалуација на ИУ ЕУРОПА ПРИМА, а Наставно-научните совети на факултетите ги избираат членовите на поткомисиите за самоевалуација на факултетите.

Претставниците на студентите ги избира студентскиот парламент.

Евалуацијата од страна на студентите се добива на крајот на секоја учебна година и истата се зема предвид при напредувањето на наставникот во наставно-научно звање.

Евалуацијата се добива по пат на анкета на студентите која ја спроведува на начин утврден со Статутот и правилник.

**Член 163**

Комисијата за самоевалуација на ИУ ЕУРОПА ПРИМА и поткомисиите за самоевалуација на факултетите, евалуацијата ја вршат според условите утврдени со овој Статут и според Правилникот за евалуација на ИУ ЕУРОПА ПРИМА кое го усвојува Сенатот по претходно позитивно мислење на Управниот одбор.

Со Комисијата за самоевалуација на ИУ ЕУРОПА ПРИМА односно со поткомисиите за евалуација на факултетите раководи претседател избран од составот на Комисијата, односно поткомисијата, од редот на наставниците.

**Член 164**

Комисијата за самоевалуација на ИУ ЕУРОПА ПРИМА ги анализира и ги оценува:

- реализацијата на студиските и предметните програми;
- степенот на учество на наставниците, соработниците и студентите во реализацијата на студиските и предметните програми;
- резултатите од полагањето според структурата на студиските програми (задолжителни, изборни, факултативни, општи, специјалистички, теоретски, практични и слично);
- бројот и структурата на студентите;
- времетраењето на студиските програми и проодноста по учебни години;
- успехот на студентите според начинот на студирање, како и според регионалната припадност, националната припадност и слично;
- влијанието на опременоста (библиотечен фонд, компјутерска опрема, читални и слично) врз ефикасноста во студирањето;

- влијанието на истражувачката работа врз квалитетот на наставата и студирањето;
- дејноста на ИУ ЕУРОПА ПРИМА според условите на дадената акредитација и дозволата за вршење високообразовна дејност;
- ја координира работата на поткомисиите за самоевалуација на факултетите.

**Член 165**

Поткомисијата за самоевалуација на факултетите ја анализира и дава оцена за реализацијата на програмата на катедрите за:

- реализацијата на студиската програма;
- степенот на учество на наставниците, соработниците и студентите во реализацијата на студиската програма;
- резултатите од полагањето според структурата на студиската програма (задолжителни, изборни, факултативни, општи, специјалистички, теоретски, практични, лабараториски и слично);
- бројот и структурата на студентите;
- времетраењето на студиската програма и проодноста по учебни години;
- успехот на студентите според начинот на студирање, како и според регионаланта припадност, националната припадност и слично;
- влијанието на опременоста (библиотечен фонд, компјутерска опрема, читални и слично) врз ефикасноста во студирањето;
- влијанието на истражувачката работа врз квалитетот на наставата и студирањето;

Поткомисијата за самоевалуација на факултетите изготвува годишен извештај за резултатите од евалуацијата со оцена на состојбата и со предлози за надминување на констатираните негативни појави во остварувањето на студиите на соодветниот факултет.

**Член 166**

Комисијата за самоевалуација, врз основа на сопствените истражувања и извештаите на поткомисиите за самоевалуација на факултетите изготвува годишен извештај за резултатите од самоевалуацијата со оцена на состојбата и со предлози за надминување на констатираните негативни појави во остварувањето на дејноста на ИУ ЕУРОПА ПРИМА.

Поткомисијата за самоевалуација на факултетите го доставува извештајот до Комисијата за самоевалуација на ИУ ЕУРОПА ПРИМА и до Наставно-научниот совет на факултетите. Комисијата за самоевалуација на ИУ ЕУРОПА ПРИМА го доставува извештајот до Сенатот, и Управниот одбор, како и до други надлежни институции за дејноста на високообразовните установи.

Самоевалуацијата се прави на интервал од најмногу три години и согласно Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација што го донесува Националниот совет.

## ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊА

### Правила за постапката за избор во звања

**Член 167**

Изборот во наставно-научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања се врши според постапка утврдена со Законот за високо образование, со овој Статут и со Правилникот за услови и критериуми за избор во звања.

**Конкурс за избор во звање и засновање на работен однос**

**Член 168**

Избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни и наставни звања и соработнички звања се врши по пат на јавен конкурс кој го распишува наставно-научниот, односно наставничкиот совет, што го објавува ИУ ЕУРОПА ПРИМА во дневниот печат.

Конкурсот за избор во наставно-научни, наставно-стручни, односно наставни звања и засновање на работен однос се распишува за избор во сите наставно-научни, наставно-стручни, односно наставнички звања.

Конкурсот за избор во соработнички звања и засновање на работен однос се распишува за избор во определено соработничко звање.

Конкурсот за избор во звање и засновање на работен однос треба да ја содржи соодветната наставно-научна област, за која се избира лицето, утврдена со Класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области (Меѓународната фраскатиева класификација), видот на работниот однос, рокот на траењето и општите и посебните услови за избор, документацијата која е од важност за изборот и други услови утврдени со закон овој Статут или општ акт на ИУ ЕУРОПА ПРИМА.

Стекнувањето на наставно-научно, наставно-стручно, односно наставно звање на избраните наставници е постапно.

Постапката по конкурсот може да трае најмногу шест месеца сметано од денот на објавување на јавниот конкурс во дневниот печат. Доколку постапката не заврши во овој рок, постапката се запира и се распишува нов конкурс.

Рокот од ставот (6) на овој член не тече во периодот од 15 јули до 25 август во календарската година.

**Постапка за избор**

**Член 169**

Изборот на кандидатите во наставно-научни, наставно-стручни, наставни, научни и соработнички звања го врши наставно-научниот совет на факултетот, врз основа на оценката во рефератот на рецензиона комисија.

Изборот на редовен професор извршен од страна на наставно-научниот совет на факултетот, го потврдува Сенатот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА.

Рецензионата комисија од ставот (1) на овој член, се состои од најмалку три члена и ја формира наставно-научниот совет на факултетот, по завршувањето на рокот за пријавување на кандидатите.

Членовите на рецензионата комисија можат да бидат ИУ ЕУРОПА ПРИМА или од други високообразовни или научни установи, кои вршат високообразовна дејност во согласност со закон.

Член на рецензиона комисија, под истите услови определени со закон за членови на рецензиона комисија, може да биде и наставник од акредитирана високообразовна установа од странство со која ИУ ЕУРОПА ПРИМА или неговата единица, има склучено спогодба за меѓусебна соработка.

Повеќе од половината членови на рецензионата комисија ја сочинуваат лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни и наставни звања од истата наставно-научна, односно уметничка област во која се избира кандидатот, а другите членови може да бидат од сродна наставно-научна, односно уметничка област.

Членовите на рецензионата комисија не можат да бидат во пониско знање од звањето за кое се избира кандидатот.

За сите пријавени кандидати рецензионата комисија поднесува реферат во писмена форма во рок од три месеци од денот на доставувањето на целокупната документација до сите членови на рецензионата комисија. Рефератот содржи оценка за остварувањата на кандидатите во согласност со општите и посебните услови за избор во соодветно звање, како и предлог за избор на кандидатот во соодветно звање.

ИУ ЕУРОПА ПРИМА го објавува рефератот на рецензионата комисија од ставот (8) на овој член во билтен на ИУ ЕУРОПА ПРИМА и на веб страницата на ИУ ЕУРОПА ПРИМА, најмалку 15 дена пред денот на изборот.

Рецензионата комисија во рефератот ги вреднува вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатите од почетокот на кариерата до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

Ако наставно-научниот совет, односно наставничкиот совет не избере предложен кандидат, конкурсот се повторува.

Изборот во звање е основа за засновање на работен однос на определено, односно неопределено време.

Постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања на ИУ ЕУРОПА ПРИМА поблиску се уредува со правилник на ИУ ЕУРОПА ПРИМА кој го донесува Сенатот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА по претходна согласност на Управниот одбор.

### Засновање на работен однос

### Член 170

Постапката за избор во наставно-научно, наставно-стручно, наставно и соработничко звање завршува со засновање на работен однос со полно или неполно работно време меѓу избраното лице и ИУ ЕУРОПА ПРИМА. Работниот однос се заснова за времето на кое е избрано лицето.

Лицата избрани во наставно-научно, наставно-стручно, наставно и соработничко звање со заснованиот работен однос остваруваат права и обврски од работен однос во согласност со закон и колективен договор.

При мирување на работниот однос, лицето избрано во наставно-научно, наставно-стручно, наставно или соработничко звање, има право да врши високообразовна дејност на прв циклус на студии без финансиски надомест.

Лицето избрано во наставно-научно, наставно-стручно или наставно звање, на кое му мирува работниот однос, има право да држи предавања и да биде ментор на втор и трет циклус на студии, како и да врши други активности од високообразовната дејност.

**Рокови за кои се вршат изборите**

**Член 171**

Доцент и вонреден професор на факултет, односно уметничка академија се избираат за време од пет години.

Редовниот професор на факултет, односно уметничка академија со изборот заснова работен однос на неопределено време и го задржува звањето редовен професор доживотно.

Предавач и виш предавач на висока стручна школа се избираат за време од пет години.

Лектор и виш лектор се избираат за време од четири години.

Асистент и се избира за време од три години, со право на уште еден избор во истото звање на иста високообразовна установа.

Уметнички и стручен соработник се избираат за време од три години, со право на реизбор неограничен број пати.

**Рок за избор во повисоко звање,**
**односно за повторен избор во звање**

**Член 172**

Најрано седум месеци, а најдоцна шест месеци пред истекот на времето за кое е извршен изборот во наставно-научно, наставно-стручно, наставно и соработничко звање, ИУ ЕУРОПА ПРИМА распишува конкурс за избор во сите наставно-научни, наставно-стручни, научни и наставни звања, за избор во соработничко звање асистент, односно за избор на уметнички или стручен соработник.

При изборот од ставот (1) на овој член се применуваат одредбите од Закон за високо образование за избор во наставно-научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања од член 172 од Закон за високо образование.

Времето за распишување на конкурсот од ставот (1) на овој член се продолжува за времето кое е поминато на породилно отсуство, боледување подолго од три месеци, како и мирување на работниот однос во случаи определени со закон. На барање на лицето, рокот не мора да се продолжи.

**Лица кои не се избрани**

**Член 173**

Ако при избор, лицето кое претходно било избрано во наставно-научно, наставно-стручно, научно и наставно звање биде предложено за избор во повисоко звање и не биде избрано во предложеното повисоко звање, повторно се гласа за избор во постојното звање во кое било претходно избрано.

На лицето од ставот (1) на овој член кое не е избрано ниту во постојното во звање, му престанува работниот однос.

Лицето од ставот (2) на овој член има право на приговор до органот кој одлучувал за изборот. Ако приговорот биде одбиен, лицето има право на жалба до Сенатот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА, кој формира комисија од три члена, составена од редовни професори од иста или сродна научна област од која е подносителот на жалбата, од кои најмалку два члена се од друга високообразовна установа. Комисијата поднесува извештај во кој дава оцена за изборот. Одлуката на Сенатот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА се праќа на потврдување на Управниот одбор и одлуката на Управниот одбор е конечна.

**Предвремен престанок на изборот**

**Член 174**

Лицето избрано во наставно-научно, наставно-стручно, наставно и соработничко звање е должно постојано научно, стручно, односно уметнички да се усовршува и докажува, успешно да ја остварува високообразовната дејност, да придонесува за создавање наставно-научен, односно уметнички подмладок, да се грижи за успешно остварување на студиските програми и да придонесува за развојот, односно примената на научната, односно уметничката дејност за која е избран.

На лицето избрано во наставно-научно, наставно-стручно, наставно и соработничко звање може да му престане работниот однос и пред истекот на времето за кое е избрано, под условите и постапката уредени со закон и овој Статутот, ако се утврди дека подолго време не ги исполнува обврските од ставот (1) на овој член, ако ги попречува законските и Статутарните активности на високообразовната установа или ги попречува другите членови во остварувањето на нивните права и извршувањето на должностите во ИУ ЕУРОПА ПРИМА, ако престанале да постојат основните услови врз основа на кои е извршен изборот и други дисциплински престапи.

Одлука за престанок на изборот и работниот однос пред истекот на времето за кое е избрано лицето во наставно-научно, наставно-стручно, наставно и соработничко звање донесува наставно-научниот совет со двотретинско мнозинство од вкупниот број членови, врз основа на реферат на комисијасоставен од три редовни професори.

Лицето од ставот (3) на овој член има право на приговор до органот кој одлучувал за престанокот на изборот.

Ако приговорот биде одбиен, лицето има право на жалба до Сенатот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА, кој формира комисија од три члена, составена од редовни професори од иста или сродна научна област од која е подносителот на жалбата, од кои најмалку два члена се од друга високообразовна установа. Комисијата поднесува реферат во кој дава оцена за постоењето основи за престанок на изборот и работниот однос.

Сенатот одлуката по жалбата ја донесува со мнозинство од вкупниот број членови.

Одлуката на Сенатот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА е конечна.

Против одлуката на Сенатот може да се покрене судска постапка.

**Право на вршење дејност во**
**друга високообразовна институција**

**Член 175**

Лице од една единица на ИУ ЕУРОПА ПРИМА може да врши високообразовна дејност во друга единица на ИУ ЕУРОПА ПРИМА во звањето во кое е избрано на иста или сродна наставно-научна, односно уметничка област.

Лице од ИУ ЕУРОПА ПРИМА може да врши високообразовна дејност во единица на друг универзитет, односно самостојна висока стручна школа во звањето во кое е избрано на иста или сродна наставно-научна, односно уметничка област, врз основа на согласност на Сенатот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА по претходно мислење на наставно-научниот совет на единицата на ИУ ЕУРОПА ПРИМА.

**Визитинг наставници**

**Член 176**

По покана од наставно-научниот совет на факултетет, наставници од акредитирани високообразовни установи, признати научници и истакнати уметници од земјата и странство, можат како гости, без распишување на конкурс, да извршуваат високообразовна и научно-истражувачка, односно уметничка дејност за време од една учебна година.

Визитинг професорот може да биде ангажиран во настава на најмногу еден наставен предмет од акредитираните наставни програми на единиците на ИУ ЕУРОПА ПРИМА, доколку истиот има наставно звање редовен професор.

**Афирмирани научници, уметници и стручњаци од практика**

**Член 177**

Афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката, без оглед на исполнетоста на условите утврдени со закон за избор во звање како специјалисти и експерти, по покана, можат да изведуваат настава за одделни делови од наставен предмет.

**Насловни звања**

**Член 178**

Афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката, кои ги исполнуваат условите за избор во звања, а за кои нема слободно место за избор во наставно-научно звање можат да се избираат на ИУ ЕУРОПА ПРИМА во звањето насловен доцент или насловен вонреден професор, според условите и постапката утврдени со закон.

Лицата избрани во насловни звања можат да учествуваат во вршење на високообразовна дејност најмногу до 30% од редовните обврски на соодветното наставно-научно звање. Видот и обемот на учеството на лицето избрано во насловно звање во вршењето на високообразовната дејност го утврдува наставнонаучниот совет, во согласност со овој Статутот.

Лицата избрани во насловни звања не можат да бидат ментори на магистерски или докторски трудови.

Лицето избрано во звањето насловен доцент или насловен вонреден професор на ИУ ЕУРОПА ПРИМА може да врши високообразовна дејност само на ИУ ЕУРОПА ПРИМА.

Лицето избрано во звањето насловен доцент или насловен вонреден професор на друг универзитет не може да врши високообразовна дејност на ИУ ЕУРОПА ПРИМА.

На лицето му престанува звањето насловен доцент или насловен вонреден професор на крајот од учебната година во која наполнило 67 години старост.

**Еквиваленција на звања**

**Член 179**

Заради вршење на високообразовна дејност, научните звања стекнати според одредбите на законот со кој се уредува научно-истражувачката дејност, одговараат на следните наставнички звања утврдени со Закон за високо образование:

научен советник на редовен професор,

виш научен соработник на вонреден професор,

научен соработник на доцент и

соработник во научно-истражувачката дејност на соработник во високообразовна установа.

Еквивалентните звања од ставот (1) на овој член можат да се користат како наставно-научни и соработнички звања, ако научната установа добила акредитација за вршење на последипломски и докторски студии, во обем и под условите утврдени со решението за акредитација.

**Почесен професор и почесен доктор на науки**

**Член 180**

На истакнат професор од универзитет во Република Северна Македонија и од странство, кој дал посебен придонес за развојот на високообразовната дејност, на предлог на единица, Сенатот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА може да му додели звање почесен професор (profesor honoris causa). Звањето почесен професор се доделува на неопределено време.

На почесниот професор наставно - научниот совет може да му довери дел од наставата од одреден предмет но не повеќе од 30% од наставата по одреден предмет

На истакнати научни, културни, деловни и други лица од земјата и странство, кои со своите дела дале посебен придонес за развојот на научната мисла, културата, или на друг начин придонеле за развојот на високото образование, на предлог на високообразовна установа, односно наакредитирана научна установа, Сенатот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА може да им додели титула почесен доктор на науки (doctor honoris causa). Звањето почесен професор се доделува на неопределено време.

Почесниот доктор на науки може да биде ангажиран во одредени апликативни и научно истражувачки проекти, за што носи одлука наставно - научниот совет единицата која е носител на проектот.

**Професор емеритус**

**Член 181**

Сенатот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА може, на предлог на наставно-научниот совет на факултет во негов состав да му додели звање професор емеритус на редовен професор во пензија, кој посебно се истакнал со својата научна, односно уметничка работа, кој стекнал меѓународна репутација и постигнал резултати во обезбедувањето на наставно-научен и соработнички подмладок во област во која е избран.

Вкупниот број на професори емеритус не може да биде повеќе од 5% од вкупниот број на наставници на ИУ ЕУРОПА ПРИМА.

Професор емеритус може да учествува во изведувањето на настава на втор и трет циклус на студии, во областа во која е избран.

Професор емеритус може да учествува во изведувањето на настава на втор и трет циклус на студии, во областа во која е избран, на само еден предмет од втор и трет циклус на студии.

Неговите права и обврски ќе бидат утврдени во договорот за ангажирање кој професорот емеритус го склучува со Ректорот на Универзитетот.

**Платено и неплатено отсуство и сабатна година**

**Член 182**

На лице избрано во наставно-научно, наставно-стручно, научно, наставно и соработничко звање на негово барање, на секои пет години, Сенатот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА може да му одобри платено отсуство во траење до една година, односно неплатено отсуство во траење до три години заради стручно усовршување, односно истражување во соодветната научна, односно уметничка област или за престој во соодветна институција, при што неговите обврски во наставата се прераспределуваат.

Доколку Сенатот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА му одобри платено отсуство на лице избрано во наставно-научно, наставно-стручно, научно, наставно и соработничко звање лицето склучува договор со Ректорот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА со кој се обврзува дека во наредните две години по враќањето од платеното одсуство, лицето ќе работи на ИУ ЕУРОПА ПРИМА и неможе еднострано да го раскине договорот со ИУ ЕУРОПА ПРИМА пред истекот на две години. Доколку лицето направи повреди на Статутот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА и на другите акти на ИУ ЕУРОПА ПРИМА, ИУ ЕУРОПА ПРИМА си го задржува правото да го раскине еднострано договорот . Доколку ИУ ЕУРОПА ПРИМА еднострано го расине договорот по вина на лицето кое користело платено отсуство, лицето е должно да ги врати средствата кои ги користел во текот на платеното отсуство.

**Престанок на работен однос поради**
**исполнување на услови за пензија**

**Член 183**

На лицето избрано во наставно-научно или наставно звање, кое во текот на учебната година го продолжило договорот за вработување согласно прописите за работните односи, работниот однос му трае до крајот на учебната година во која наполнило 67 години.

Редовен професор во пензија може да изведува настава на студии од трет циклус и да биде ментор на докторски студии, како и да работи на научно-истражувачки проект.

**Регулирање на работниот ред и дисциплина**

**Член 184**

Основните начела, правила и санкции, како и условите согласно кои се извршуваат работните задачи и обврски, при изведувањето на работниот процес и наставно-научните активности, од страна на административно-техничкиот и наставно-научниот кадар се регулираат со Правилник за регулирање на работниот ред и дисциплина.

**Член 185**

Во случај на непочитување и кршење на основните одредби регулирани со овој Правилник, како и на одредбите наведени во Законот за работни односи, а кои непосредно го уредуваат начинот, принципите и правилата, согласно кои се спроведува работниот процес, на работникот може да му се изречат следните санкции:

1. писмена опомена пред изрекување на паричната казна и пред откажување на договорот за вработување, во случаите на полесни повреди на одредбите со кои се регулира работниот ред и дисциплина;
2. парична казна во висина од 15% од просечната месечна плата на работникот остварена во последните три месеци, во времетраење од еден до шест месеци, за потешки повреди на работниот ред и дисциплина;
3. престанок на работниот однос.

**Член 186**

- Писмена опомена се изрекува во случај на полесна повреда на работниот ред и дисциплина, и тоа:

1. еднократно ненавремено доаѓање на работа и предвремено заминување од работното место;
2. еднократно непочитување на упатствата, барањата и налозите на работодавецот, доколку не предизвикале штета на работодавецот;
3. непочитување на прописите за заштита при работа;
4. еднократно ненавремено известување на работодавецот за околностите кои влијаат, односно би можеле да влијаат на исполнувањето на неговите договорни обврски;
5. недоставување на целосен дневен извештај за тековните активностидо Претседателот на управниот одбор и раководните лице, од страна на членовите на Ректорската управа при ИУ ЕУРОПА ПРИМА.
6. недоставување на целосен дневен извештај за тековните активности до Ректорот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА, од страна на деканите на секој од факултетите основани при ИУ ЕУРОПА ПРИМА.
7. недоставување на целосен дневен извештај за тековните активности до деканите на секој факултет, од страна на наставниците на предметниот факултет;
8. недоставување на целосен дневен извештај за тековните активности до предметните наставници, од страна на соработниците;
9. недоставување на целосен дневен извештај за тековните активности до раководните органи на ИУ ЕУРОПА ПРИМА, од страна на административниот кадар (финансиска служба, раководител на студентска служба, правна служба), на сите нивоа на организација на Универзитетот.

Во случај на повторување на горецитираните повреди, односно во случај на повторно изрекување на писмена опомена, на работникот еднострано ќе му биде откажан работниот однос, без никакви последици на штета на работодавецот.

- Парична казна во висина од 15% од просечната месечна плата на работникот, а во зависност од тежината на повредата и отказ на работниот однос, се изрекува во следните случаи:

1. неажурно и ненавремено извршување на работните обврски и задачи;
2. несоодветно однесување на работното место кон претпоставените, останатите вработени, студенти и другите лица;
3. поради болест или оправдани причини отсуствува од работа, а за тоа во рок од 48 часа не го извести работодавецот;
4. повторување на повредите за кои е предвидена писмена опомена;
5. предизвикување неред и насилничко и недолично однесување на за време на работата;
6. незаконски и неовластено користење на средствата на работодавачот;
7. доколку настане штета, грешка во работењето или загуба, а за тоа не го извести работодавецот;
8. непочитување на работниот ред и дисциплина, регулирани со овој Правилник;
9. доколку вработениот не се придржува на работното време, распоредот и користењето на работното време;
10. не достави Барање за користење на приватно или службено отсуство во текот на работното време и не се евидентира при секое напуштање на работното место;
11. доколку наставникот или соработникот за време на одржување на наставните активности или испити, дозволи да присуствува студент кој не ја носи задолжителната униформа;
12. во случај на непочитување на забраната за пушење во просториите на ИУ ЕУРОПА ПРИМА;
13. во случај на непочитување на обврската за задолжително електронско евидентирање како и запишување во книгата за службени отсуства;
14. неоправдано неисполнување на предвидениот број на часови (предавања и вежби) согласно наставната програма;
15. ненавремено отпочнување и ненавремено и предвремено отпочнување и завршување на на часовите предвидени за вежби и предавања страна на наставниот кадар;
16. неисполнување на налогот на работодавецот за извршување на работните задачи по истекот на работното време;
17. недоаѓање на работно место во рок од 14 часа, а во итни случаи веднаш, по барање на работодавецот во случаите кога работникот користи годишен одмор;
18. недавање, односно давање на неточни податоци во врска со местото на престој и контакт телефон, во случај на отсуство од работа (платено/неплатено отсуство, дневен или неделен одмор, годишен одмор и сл.);

- Престанок на работниот однос, поточно откажување на договорот за вработување без отказен рок, како санкција се изрекува во случај на повторување на горецитираните повреди на работниот ред и дисциплина, како и во случаите предвидени во Законот за работни односи и тоа доколку работникот:

1. Неоправдано изостане од работа три последователни работни дена или пет дена во текот на една година;
2. го злоупотреби боледувањето;
3. не се придржува кон прописите за здравствена заштита, заштита при пожар, експлозија, штетно дејствување на отрови и други опасни материи и ги повредува прописите за заштита на животната средина;
4. внесува, употребува или е под дејство на алкохол и наркотични средства;
5. стори кражба или во врска со работата намерно или од крајно невнимание предизвика штета на работодавецот и

оддаде деловна, службена или државна тајна;

6. не ги извршува квалитетно или навремено работните задачи заради кои е заснован работниот однос или кои е должен да ги извршува согласно налозите на работодавецот.

**Член 187**

По оцена на работодавецот, со писмен налог на овластеното лице кај работодавецот, работникот може да се отстрани од кај работодавецот до донесувањето на одлуката за отказ на договорот за вработување, ако:

1. работникот со своето присуство кај работодавецот го загрозува животот или здравјето на работниците или други лица или се оштетуваат средствата од поголема вредност, или на друг начин може да му нанесе штета на работодавецот;
2. присуството на работникот кај работодавецот штетно ќе се одразува врз работењето кај работодавецот;
3. присуството на работникот оневозможува утврдување на одговорноста за повреда на работните обврски и
4. кога против работникот е покрената кривична постапка од надлежен орган за кривично дело сторено на работа или во врска со работата;

**Член 188**

Во случај на повреда на работниот ред и дисциплина, се формира дисциплинска комисија (во натамошниот текст комисија).

Дисциплинската комисија е составена од 5 члена, од кои еден е претседател кој го избираат членовите на комисијата, со мнозинство гласовиод сите членови.

Претседателот на дисциплинската комисија го заменува заменик претседател на комисијата, во случај на негово отсуство поради оправдана спреченост. Во тој случај се бира нов член на комисијата како би можело истата навремено да донесе соодветно решение. Заменик претседателот го именуваат членовите на комисијата, со мнозинство гласови на сите членови. Мандатот на членовите на дисциплинската комисија трае 1 година, со право на реизбор.

Членовите на комисијата имаат право и обврска да присуствуваат на седниците на комисијата, да предлагаат дисциплински мерки, како и да ги прибираат сите материјални докази по однос на суштествените факти и околности кои непосредно се однесуваат на одговорноста на работникот и околностите под кои е сторена дисциплинската повреда.

**Член 189**

Дисциплинската постапка се поведува по барање на раководните лица на ИУ ЕУРОПА ПРИМА.

Дисциплинската комисија, односно било кој член на дисциплинската комисија може, доколку постојат сознанија дека од страна на работникот е сторена дисциплинска повреда, по службена должност да поведат дисциплинска постапка.

Претседателот на дисциплинската комисија е должен во рок од 7 дена да закаже седница и уредно да ги извести другите членови на комисијата како и работникот против кого е поведена дисциплинската постапка (во натамошниот текст работникот).

За сите суштински дејства превземени на седницата, задолжително се изготвува записник, кој го потпишуваат сите присутни членови на комисијата, работникот и записничарот.

Работникот против кого е поведена дисиплинска постапка има право да истакнува забелешки по однос на содржината на записникот.

Комисијата може да работи и одлучува доколку се присутни мнозинство од членовите на комисијата.

Комисијата со мнозинство гласови на нејзините членови, по спроведувањето на сите неопходни дејства во рамките на дисциплинската постапка е должна најдоцна во рок од 3 дена да донесе и изготви формален Предлог на дисциплинска мерка, кој веднаш ќе го достави до генералниот директор на ИУ ЕУРОПА ПРИМА и работникот.

Генералниот директор на ИУ ЕУРОПА ПРИМА, најдоцна во рок од 5 дена од приемот на Предлогот на дисциплинска мерка одлучува дали ќе го прифати предлогот на дисциплинската комисија или истиот ќе биде одбиен, односно ќе биде изречена друга дисциплинска мерка.

Работникот, во рок од 8 дена има право на жалба против изречената дисциплинска мерка од страна на Генералниот директор на ИУ ЕУРОПА ПРИМА по однос на која одлучува Претседателот на управниот одбор на Универзитетот, во рок од 8 дена.

Против Одлуката на Претседателот на Управниот одбор не може да се изјави правен лек на ниво на работодавецот.

**Престанок на работен однос**

**Член 190**

На лице избрано во наставно-научно или наставно звање, работниот однос може да му престане по основите кои ги предвидува Законот за работните односи.

Работникот кој има намера еднострано да го раскине работниот однос со работодавецот, може да поднесе барање за престанок на работниот однос, пришто барањето може да се однесува само на наредната академска година, т.е работникот не може да бара да му престане работниот однос во текот на академската година. Во спротивно, работникот ќе биде должен да ја надомести штетата предизвикана со ангажирање на нов работник (наставник, лектор, или соработник) на работното место на кое бил вработен работникот кој бара престанок на работниот однос, во висина на вкупните средства за друго лице што ќе го ангажира работодавецот заради извршување на неговите работни задачи со вкалкулирани обврски за намирување на даноци и други давачки кон државата до периодот додека не ги заврши во целост работните задачи, кои треба да ги изврши работникот на кој му престанал работниот однос.

Доколку работникот не биде избран во повисоко звање по истекот на времето за кое е избран во постоечкото звање, или во случај за неможност за прераспределување на друго работно место кај работодавецот, ќе се смета дека му престанал работниот однос.

Доколку лицето избрано во научно звање не е избрано ниту во постојното звање, му престанува работниот однос.

Барањето за престанок на работниот однос, односно за еднострано раскинување на работниот однос за наредната академска година, работникот може да го достави, а работодавецот е должен да го спроведе престанокот на работниот однос, доколку истото биде упатено до работодавецот најдоцна до 10 јануари во тековната академска година.

Од моментот на поднесување на барањето за престанок на работниот однос, па се до престанокот на работниот однос, работникот е должен да ги извршува сите работни задачи и обврски согласно Договорот за вработување, кои се предвидени со наставната програма и тоа до крајот на тековната академска година, т.е работниот однос му престанува на 30 јуни. На работникот на кој му престанал работниот однос заклучно со 30 јуни должен е да ја спроведе испитната сесија во месец септември за сите предмети кои што ги држел на матичниот факултет со хонорарен надоместок во висина на надоместоците клои ги примал вработениот за спроведување на испити за секој поединечен испитен студент.

На лицето избрано во наставно-научно и наставно звање може да му престане работниот однос и пред истекот на времето за кое е избрано, ако се утврди дека подолго време не ги исполнува зададените обврски, ако ги попречува законските и Статутарните активности на ИУ ЕУРОПА ПРИМА или ги попречува другите членови во остварувањето на нивните права и извршувањето на должностите на универзитететот, ако престанале да постојат основните услови врз основа на кои е извршен изборот и ако сторил кривично дело во врска со вршењето високообразовна дејност.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 191

Статутот на ИУ ЕУРОПА ПРИМА влегува во сила со денот на објавување во „Универзитетскиот гласник" на Универзитетот, а ќе се објави по добивањето на согласност од основачот, а по предходно мислење на Владата на Република Северна Македонија

### Член 192

Општите акти на ИУ ЕУРОПА ПРИМА ќе се донесат или усогласат во рок од 3 месеци од влегувањето во сила на овој Статут.

### Член 193

Со денот на влегувањето во сила на овој Статут престануваат да важат одредбите од Статутот на **Универзитетот за аудиовизуелни уметности, Европска, Филмска, Театарска и Танцова Академија ЕФТА – Скопје**, Република Македонија од 27.06. 2014 год.

**Претседател на Сенат**
Вон.проф.д-р Томислав Таневски